## ПЕРЦЕПЦИИ, СТАВОВИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА МЛАДИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА МЛАДИ И БЕЗБЕДНОСТ



ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# Перцепции, ставови и предизвици на младите во Северна Македонија

*Истражување за млади и безбедност*



Наслов: Перцепции, ставови и предизвици на младите во Северна Македонија

Подготвено од: ИНДАГО ДООЕЛ Скопје
Боге Божиновски и
Елизабета Марковска Спасеноска

Издавач: Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Превод: ИНДАГО ДООЕЛ Скопје

Лектура: ЕВРОЛИНГВА ДООЕЛ Скопје

Графичко обликување и печат: ПОЛИЕСТЕРДЕЈ

август 2024

Материјалите во оваа публикација се само за референца. Иако ОБСЕ вложи максимално внимание во нејзината подготовка, не презема никаква одговорност за точноста и комплетноста на сите информации, упатства и совети изнесени или за какви било печатни грешки. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени во неа не мора да ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради овие причини, не може да се покренат никакви барања против ОБСЕ во однос на потенцијалните последици од веродостојноста на информациите или заклучоците содржани во оваа публикација.

ISBN: 978-92-9271-383-6

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
Мисија во Скопје

# СОДРЖИНА

**1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** 9

1.1 ВОВЕД 9
1.2 ПРЕЛИМИНАРНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 10
1.2.1 Перцепција за безбедност и сигурност 10
1.2.2 Учество во формални и неформални мировни процеси 11
1.2.3 Спротивставување на насилен екстремизам и радикализација 11
1.2.4 Насилство меѓу младите 12
1.2.5 Сајбермалтретирање 13
1.2.6 Исклучување и дискриминација 14
1.2.7 Доверба во властите и другите луѓе и односите меѓу заедниците 15
1.3 ПРЕЛИМИНАРНИ ЗАКЛУЧОЦИ 16
1.4 ПРЕЛИМИНАРНИ ПРЕПОРАКИ 18

**2. МЕТОДОЛОГИЈА И ОБЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 21

2.1 ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 21
2.2 МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ 21

**3. ДЕФИНИЦИИ** 23

3.1 МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 23
3.2 БЕЗБЕДНОСТ И СИГУРНОСТ 23
3.3 САЈБЕРМАЛТРЕТИРАЊЕ 24
3.4 ДИСКРИМИНАЦИЈА 24
3.5 НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И РАДИКАЛИЗАЦИЈА ШТО ВОДИ КОН ТЕРОРИЗАМ 24
3.6 НАСИЛСТВО 24

**4. КОНТЕКСТУАЛНА АНАЛИЗА**

4.1 АНАЛИЗА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО 25
– Меѓународна рамка 25
– Национална рамка 26
4.2 СТРАТЕГИСКА И ПРОГРАМСКА РАМКА 29
4.3 ИНСТИТУЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО 31

**5. НАОДИ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ** 33

5.1 ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СИГУРНОСТ 33
– Нивоа на безбедност и сигурност во земјата 33
– Безбедност и сигурност во местото на живеење и јавните локации 35
– Најголемите проблеми на младите во моментов 38
– Загриженост на младите за различни појави 39
– Заклучоци и препораки 40

5.2 УЧЕСТВО ВО ФОРМАЛНИ И НЕФОРМАЛНИ МИРОВНИ ПРОЦЕСИ 41
- Општо познавање на концептот за градење мир 42
- Младински активизам за мир и безбедност 43
- Активности на властите поврзани со градењето на мирот и безбедноста на младите 45
- Заклучоци и препораки 48

5.3 БОРБА ПРОТИВ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И РАДИКАЛИЗАЦИЈА 49
- Перцепција на младите за присуство и влијание на радикализација и насилен екстремизам 49
- Улогата на јавноста и институциите во спречување и одговор на насилниот екстремизам и радикализација 51
- Заклучоци и препораки 54

5.4 НАСИЛСТВО МЕЃУ МЛАДИТЕ 54
- Перцепции за насилството кај младите 55
- Искуство со насилство 57
- Заклучоци и препораки 60

5.5 САЈБЕРМАЛТРЕТИРАЊЕ 61
- Перцепциите на младите за безбедноста во сајберпросторот 61
- Искуство со прекршување на безбедноста и сигурноста во сајберпросторот 63
- Заклучоци и препораки 66

5.6 ИСКЛУЧЕНОСТ И ДИСКРИМИНАЦИЈА 67
- Перцепции на младите за дискриминација 67
- Искуство со дискриминација 68
- Учество на младите во локални заедници, училишта/работни места и со пријателите 69
- Заклучоци и препораки 72

5.7 ДОВЕРБА ВО ВЛАСТИТЕ И ДРУГИТЕ ЛУЃЕ И ОДНОСИТЕ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ 73
- Перцепции за доверба 73
- Ставови за меѓуетничките односи 75
- Доверба во властите 77
- Заклучоци и препораки 78

**6. ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** 80

**7. ПРИЛОГ** 82

7.1 ПРАШАЛНИК 82

7.2 ВОДИЧ ЗА ДИСКУСИЈА ВО ФОКУС ГРУПИ 91

Дел 1: Перцепции за безбедност и вклученост во мировни и активности за безбедност 92

Дел 2: Дискриминација, политичка поларизација и насилство 93

Дел 3: Радикализација, насилен екстремизам, односи меѓу заедниците 93

Дел 4: Доверба во институциите 94

Дел 5: Препораки на учесниците 94



За време на мојот мандат како шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, од прва рака го сведочам трансформативниот потенцијал на младите во Северна Македонија. Нивната клучна улога во општествените процеси, од поттикнување на општествените движења до водечки технолошки иновации и културни промени, е неспоредлива. Енергијата, креативноста и издржливоста што ги дефинираат младите генерации го сочинуваат светилникот на надеж за подобра иднина.

Ова истражување ја нагласува проактивната улога на младите луѓе во придонесот кон решенија за безбедност. Тие не се пасивни примачи на политички одлуки, туку активно придонесуваат нудејќи уникатни перспективи и вродена мотивација за поттикнување позитивни промени. Ова ги позиционира како незаменливи двигатели во нашите колективни напори да изградиме отпорни општества.

Понатаму, ова истражување силно ја нагласува критичната важност од вклучување на перспективите на младите во дијалогот за безбедност. Тие мора активно да учествуваат како лица кои придонесуваат и кои можат да обезбедат иновативни решенија за безбедносните предизвици. Нивното вклучување во напорите за градење мир, креирање политики и проекти во заедницата е апсолутно клучно и корисно за одржлива безбедност.

Се надевам дека ова истражување ќе ги инспирира креаторите на политики, истражувачите, практичарите и младите да се вклучат во значаен дијалог и дејствување за побезбедно, поинклузивно општество. Увидите и препораките во рамките на овие страници нудат патоказ за навигација низ сложениот терен на младите и безбедноста, отворајќи го патот за иднината во која младите луѓе напредуваат во средина на мир и стабилност.

Би сакал да им оддадам признание и да им се заблагодарам на сите млади луѓе вклучени во подготовката на оваа публикација, вклучително и засегнатите страни кои учествуваа во интервјуата и фокус-групите. Со тоа, вие не сте дел од позитивната промена, туку ја водите.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје останува посветена на младите во Северна Македонија. Ќе продолжиме да ги поддржуваме напорите кои промовираат политики кои ги земаат предвид потребите и гласовите на сите елементи на општеството во согласност со заложбите и вредностите на ОБСЕ.

Амбасадор Килиан Вал,
Шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје





# 1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## 1.1 ВОВЕД

Мисијата на ОБСЕ во Скопје склучи договор со истражувачката и консултантска компанија „Индаго" Дооел Скопје да спроведе репрезентативно истражување на национално ниво со следните цели:

1. Процена на перцепциите, ставовите и предизвиците на младите во однос на безбедноста и сигурноста во Република Северна Македонија;
2. Истражување на безбедносните прашања и предизвици со кои се соочуваат младите луѓе во тековниот општествено-политички контекст;
3. Да се испитаат начините на кои младите се погодени од безбедносните политики и како може да се зголеми практиката на значајно младинско учество во безбедносните политики и програми;
4. Истражување на изворите на насилство меѓу младите, потенцијалниот придонес на младите во безбедноста, сигурноста и градењето отпорност во нивните заедници;
5. Истражување на факторите што влијаат на меѓуетничките односи и кохезијата меѓу младите во земјата;
6. Собирање информации што го поддржуваат стратегиското планирање на Мисијата.

Целна група на ова истражување беа млади од 15 до 29 години од Република Северна Македонија. Во примерокот беа вклучени вкупно 1 235 испитаници преку телефонската анкета. Дополнително, истражувачкиот тим спроведе пет (5) полуструктурирани интервјуа со засегнатите страни и осум (8) дискусии во фокус групи во градовите Скопје (две фокус групи), Битола, Тетово, Свети Николе, Штип, Струмица и Струга со вкупно 63 учесници. Истражувањето беше спроведено во периодот од 27 септември до 10 октомври 2023 година, додека дискусиите во фокус групите се одржаа од 4 до 26 октомври 2023 година.

Овој документ ги презентира прелиминарните наоди, заклучоци и стратегиски препораки што произлегуваат од истражувањето. Подетално, истражувањето се фокусираше на перцепцијата на младите за безбедноста и сигурноста, учеството во формалните и неформалните мировни процеси, статусот на агендата за млади и безбедност на прашањата за спротивставување и спречување на насилниот екстремизам во земјата, насилството меѓу младите, исклученоста и маргинализација на сите нивоа. Секоја од овие области е елаборирана во следните делови од овој документ.

## 1.2 ПРЕЛИМИНАРНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.2.1 Перцепција за безбедност и сигурност

Овој дел ја анализираше перцепцијата на младите за сегашното ниво на безбедност и сигурност во земјата, како и перцепцијата за безбедноста во следните пет години. Дополнително, делот ги истражи мислењата на младите за нивните најголеми проблеми и анализираше во која мера младите ги сметаат за безбедни своето место на живеење, својата земја и јавните локации. На крајот, овој дел го истражи нивото на загриженост кај младите за различните феномени што влијаат на безбедноста и сигурноста.

- Од младите беше побарано да ја оценат безбедноста и сигурноста во земјата на скала каде што 1 значи не е воопшто безбедна, додека 5 е целосно безбедна. Просечната оцена за безбедност и сигурноста е 3,4 што значи ниту безбедна ниту небезбедна. Според тоа, иако мнозинството од испитаниците (54%) сметаат дека земјата е донекаде безбедна или целосно безбедна (оцени 4 и 5 на скалата), има 17% од младите што сметаат дека земјата не е безбедно место.
- Во однос на безбедносните очекувања, испитаниците беа прашани што ќе се случува со нивото на безбедност во земјата во следните пет години. Мнозинството млади луѓе (56%) сметаат дека ситуацијата ќе остане иста, додека повеќе од една четвртина (27%) сметаат дека ситуацијата ќе се влоши.
- Од младите беше побарано да изберат колку безбедно се чувствуваат на различни места. Соседството е најбезбедното место за младите (81% се чувствуваат безбедно), додека дигиталното опкружување е најмалку безбедно (43% се чувствуваат безбедно). Младите жени се чувствуваат помалку безбедно во споредба со младите мажи.
- Што се однесува на безбедноста во областа/градот, поголем дел од младите во Североисточниот Регион, односно во градовите Куманово и Крива Паланка (15%) се чувствуваат небезбедно во споредба со другите региони (од 2% до 9%). Дополнително, во однос на перцепцијата за безбедност во земјата, поголем дел од младите од овој регион се чувствуваат небезбедно (32%) во споредба со другите региони (од 4% до 12%).
- Во однос на чувството на безбедност на јавни локации, мнозинството млади луѓе се чувствуваат речиси подеднакво безбедно во јавниот превоз (53%) и на јавните плоштади, места за пешачење и велосипедски патеки (54%). Сепак, процентот на оние што се чувствуваат небезбедно е малку поголем во јавниот превоз (11%) отколку на јавните плоштади, пешачењето и велосипедските патеки (9%). Додека мнозинството млади мажи (57%) се чувствуваат безбедно во јавниот превоз, процентот на млади жени што се чувствуваат безбедно е помал (48%).
- Недостигот од културни и спортски активности (51%) и недостатокот на можности за развој (51%) се најголемите проблеми на младите во моментов, а потоа следуваат невработеноста и економските проблеми, кои претставуваат најголеми проблеми за 49% од младите. луѓе. Речиси една четвртина од младите луѓе (24%) сметаат дека безбедноста во нивната заедница е најголем проблем во моментот.
- Младите се најмногу загрижени за организираниот криминал (средна вредност = 7,1 на скала од 1 до 10 каде што 1 е најниска и 10 е највисока вредност) проследено со природни катастрофи (средна вредност = 6,9) и можноста за избивање вооружен конфликт во рамките на Западен Балкан (средна вредност = 6,7). Најмалата загриженост кај младите е поврзана со групите спортски навивачи што понекогаш може да бидат насилни за време и по спортски настани (средна вредност = 5,7). Младите жени покажуваат постојано повисока загриженост во споредба со младите мажи во однос на сите феномени. Во однос на семејното насилство како еден од факторите што ги загрозуваат сигурноста и безбедноста, младите жени се значително позагрижени од младите мажи.

### 1.2.2 Учество во формални и неформални мировни процеси

Овој дел го истражува општото разбирање меѓу младите за градењето мир, како и нивните искуства и учество во различни активности поврзани со мирот и безбедноста. Дополнително, овој дел ги анализираше активностите на властите поврзани со сигурноста и безбедноста на младите.

- Концептуалното знаење и разбирање за градењето мир од страна на младите се многу ниски. Половина од испитаниците не се запознаени со концептот за градење мир и само 26% од младите го разбираат овој концепт. Оние млади луѓе што живеат во мултиетнички заедници се повеќе изложени на активности за градење мир и решавање конфликти и со тоа повеќе се запознаваат со овие концепти.
- Последователно на ниските нивоа на разбирање на концептот за градење мир, младите испитаници не покажуваат активизам за учество во акции и иницијативи што промовираат мир и безбедност. Само 6% од младите биле активни во изминатите 12 месеци во промовирањето на мирот и безбедноста, главно волонтирајќи во културни настани, екоакции, формални и неформални едукативни активности и спортски настани. Граѓанските протести и политичките активности се најмалку популарни активности за промовирање на мирот и безбедноста кај младите.
- Мнозинството млади луѓе (87%) не слушнале за активности на властите поврзани со градењето на мирот и безбедноста на младите.
- Граѓанските организации се избрани од речиси половина од испитаниците (49%) како фактор/институција најмногу вклучена во градењето на мирот. По граѓанските организации следуваат државните институции (48%) и граѓаните (45%). Интересно е што младите одговорностите за градење мир ги лоцираат претежно на национално ниво и кај државните институции, додека локалната власт, која треба да биде прва инстанца за безбедност и мир во локалните заедници, е на четврто место (22%). Во однос на надлежностите на локално ниво, некои од општините имаат формирано локални совети за превенција. Локалните совети за превенција се препознаваат како важни во локалните политики за сигурност и безбедност и како такви треба да имаат значајна улога, особено во овозможување брз проток на информации меѓу локалните актери и преземање брзи активности за подобрување на сигурноста и безбедноста на граѓаните.

### 1.2.3 Спротивставување на насилен екстремизам и радикализација

Според дефиницијата на ОБСЕ, насилниот екстремизам и радикализација што водат кон тероризам е „динамичен процес во кој едно лице на крајот го прифаќа терористичкото насилство како можно и уште повеќе како легитимен начин на дејствување. Иако можеби не значи, ова на крајот може да го насочи лицето да заплени и да дејствува за терористички активности и да учествува во нив." Овој дел истражува колку младите се информирани за насилниот екстремизам и радикализација. Дополнително,

овој дел истражува кои се ставовите на младите во однос на реинтеграцијата и ресоцијализацијата на осудените лица, особено на поранешните борци.

- Мнозинството млади (53%) сметаат дека радикализацијата не е проблем во нивната заедница. Сепак, за 38% од младите, радикализацијата е загрижувачка. Според претставниците на интервјуираните младински организации, радикалната идеологија не е широко присутна, туку повеќе е присутна во некои места и заедници на територијата на нашата земја.
- Политиката е избрана како главен двигател на радикализацијата од 58% од испитаниците, а потоа следуваат економските разлики (40%) и религијата (37%). Младите се свесни за присуството на радикализација во дигиталниот простор. 23% од испитаниците сметаат дека дигиталниот простор е важен двигател на радикализацијата.
- Младите генерално не се спремни да комуницираат со или да живеат во близина на луѓе што се осудени за терористички активности/насилен екстремизам или што покажуваат знаци на радикализација, при што 73% до 75% од испитаниците се согласуваат со овие изјави. Покрај тоа, 43% од испитаниците се двоумат дали да поддржат ресоцијализација на поранешни борци или лица осудени за терористички активности и насилен екстремизам.
- Речиси две третини од младите (62%) сметаат дека полицијата е чинител со најголема улога во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализација, а потоа следуваат меѓународните организации (37%) и граѓанските организации (33%). Улогата на претставниците на училиштата и центрите за социјална работа во превенцијата и одговорот на насилниот екстремизам не е доволно препознаена од младите, бидејќи само една четвртина од младите (26%) сметаат дека овие актери имаат таква улога. Во Југозападниот Регион, граѓанските структури (како што се граѓанските организации, верските водачи и лидерите на соседските заедници) и меѓународните организации имаат поважна улога во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата во споредба со другите региони.
- Според 47% од испитаниците, борбата против дезинформациите е најважниот фактор како одговор на радикализацијата, а потоа следуваат економските можности и вработување (44%) и еднаква распределба на стоки и услуги (40%).

### 1.2.4 Насилство меѓу младите

Насилството во национален контекст е дефинирано во националната стратегиска рамка како: „Сите форми на физичко и ментално насилство, повреда или злоупотреба, занемарување или небрежно дело, малтретирање или експлоатација, вклучително и сексуално вознемирување." Во овој дел, насилството беше општо анализирано користејќи ги резултатите од истражувачката студија и со посебен акцент на насилството меѓу младите во училиштата.

- Повеќе од половина од младите (59%) изјавуваат дека насилството е „целосно присутно" или „донекаде присутно" меѓу младите наспроти само 11%, кои мислат дека насилството „воопшто не е присутно" или „не е присутно". Други 30% имаат амбивалентен став за присуството на насилство.



- Главните три причини што го мотивираат насилничкото однесување кај младите се чувството на неправда (40%), разочарувањето од нивниот социјален статус (39%) и недостатокот на семејна поддршка (34%). Многу блиску го оценуваат и недостатокот на поддршка од институциите (33%).
- Речиси секој петти млад човек (18%) вклучен во истражувањето доживеал или бил сведок на насилство или и двете. Од оние што доживеале насилство, главно доживеале или биле сведоци на вербално насилство (80%) и физичко насилство 74%. Физичкото насилство доминира во изјавите на младите мажи, односно 80% доживеале или биле сведоци на физичко насилство во споредба со 66% од младите жени. Од друга страна, вербалното, социјалното и психичкото насилство доминира во изјавите на младите жени. 84% од младите жени доживеале или биле сведоци на вербално насилство во споредба со 76% од младите мажи. Исто така, процентот на млади жени што доживеале сексуално насилство (4%) е двојно поголем во споредба со младите мажи (2%).
- Иако мнозинството млади наведуваат дека се чувствуваат безбедно на јавни локации и места, нивното лично искуство со насилство и насилните ситуации на кои биле сведоци се загрижувачки. Најголем дел од младите доживеале или биле сведоци на насилство на улица (70%), потоа насилство во училиштето (43%) и насилство во паркови и барови, по 42% за секоја локација. На повеќето од дадените локации (7/12)[1] поголем дел од младите жени од мажите доживеале или биле сведоци на насилство. Посебно загрижувачки се податоците за насилството искусено или сведочено во училиштата. Имено, 81% од возрасната група од 15 до 18 години доживеале или биле сведоци на насилство во училиште, што потврдува дека насилството е во голема мера присутно во основните и средните училишта.

### 1.2.5 Сајбермалтретирање

Сајбермалтретирањето е специфичен вид насилство општо објаснето како кога некој е злобен, нељубезен или се исмејува со другите со испраќање или ставање навредливи пораки и/или слики на компјутер или преку мобилен телефон. Навредливите пораки или слики може да бидат преку е-пошта, мобилни телефони, текстуални пораки, лични веб-локации како „Фејсбук", „ТикТок", „Инстаграм", „Телеграм", „Јутјуб" и виртуелни простории за разговор.

- Речиси половина од испитаниците (42%) во истражувањето се чувствуваат „безбедно" или „целосно безбедно" кога користат интернет, додека уште 20% не се чувствуваат безбедно. Сепак, релативно голем процент од испитаниците (38%) што се чувствуваат „ниту безбедно, ниту небезбедно" може да доведат до заклучок дека се потребни дополнителни истражувања за да се истражат причините зад оваа ситуација и да се види дали е потребно дополнително образование за младите да се зголеми нивната доверба и ги артикулираат своите ставови кон нивната безбедност на интернет.
- Мнозинството млади (66%) посветуваат внимание на заштитата на своите лични податоци и информации на интернет. Сепак, 23% од младите и посветуваат и не посветуваат внимание на заштитата на личните податоци.

[1] 12 различни јавни локации беа понудени како алтернативи за одговор. Младите жени доживеале насилство на 7 од 12 јавни локации дадени во истражувањето.

- Повеќето од испитаниците (72%) немаат искуство со користење на своите фотографии, видеа или податоци на интернет без нивна согласност. Други 24% познаваат некој што доживеал ваков вид интернет-насилство.
- Иако поголемиот дел од младите во ова истражување (94%) не доживеале сајбернасилство, од тие 77 испитаници што доживеале сајбернасилство, 51% се соочиле со тоа на социјалната мрежа „Фејсбук", 23% на апликации за инстант пораки (како на пр. „Вибер", „ВоцАп", „Телеграм" и „Сигнал") и 19% на „Инстаграм".
- Младите знаат каде да пријават сајбернасилство. На прашањето за институциите/инстанците на кои би пријавиле злоупотреба на лични податоци и содржина, 38% би пријавиле во полиција, 24% во семејството и уште 21% во Агенцијата за заштита на личните податоци. Младите жени имаат поголема доверба да пријават сајбернасилство во семејството (28%) отколку младите мажи (19%).

### 1.2.6 Исклучување и дискриминација

Во националното законодавство „дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите." Овој дел ги истражува најчестите причини за дискриминација кај младите, нивното искуство со дискриминација и вклучувањето на младите во процесите на одлучување.

- Според речиси една третина од испитаниците (31%), етничката припадност е прв основ за дискриминација кај младите, по што следуваат 21% од испитаниците што сметаат дека економскиот статус е прв основ за дискриминација и 17% што сметаат дека политичката припадност е првиот основ за дискриминација. 24% од испитаниците го избрале економскиот статус како втор основ за дискриминација, по што следува политичката припадност и попреченоста како втора подеднакво важна основа за дискриминација (15% од испитаниците за двете основи).
- Лично, 84% од испитаниците не доживеале ниту почувствувале дискриминација. Сепак, 11% од нив имаат негативни искуства да бидат дискриминирани. Нешто поголем процент млади жени (12%) доживеале дискриминација во споредба со младите мажи (9%). Младите Роми (32%) во значително поголем дел доживеале дискриминација во споредба со 9% од младите Македонци и ист процент од Албанците.
- Од оние 11% од младите кои доживеале или почувствувале дискриминација, 33% доживеале дискриминација врз основа на етничка припадност, потоа економскиот статус (19%) и политичката припадност (13%).
- Иако 11% од младите доживеале дискриминација, само 1% пријавиле дискриминација до државните органи како што е Народниот правобранител или Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.



- Тројца од четворица млади луѓе (75%) не се информирани за процесите на донесување одлуки во нивната заедница. 86% од младите сметаат дека речиси не се вклучени во процесите на донесување одлуки во нивните заедници. 86% од младите сметаат дека не можат да влијаат на одлуките во нивната локална заедница. Посебно загрижува што испитаниците од Пелагонискиот Регион сметаат дека немаат никакво влијание врз одлуките кои се носат во нивната заедница (99%).
- Две третини од младите (66%) не се информирани за процесите на одлучување во училишната/работната средина. 73% од младите сметаат дека речиси не се вклучени во процесите на донесување одлуки во нивното училиште/работна средина. 73% од испитаниците сметаат дека не можат да влијаат на одлуките во нивното училиште или работна средина.
- Повеќе од половина од младите (57%) сметаат дека не се доволно вклучени во рамките на нивната социјална мрежа/групи пријатели. 54% од младите сметаат дека не можат да влијаат на одлуките донесени во рамките на нивните социјални мрежи/групи пријатели.

### 1.2.7 Доверба во властите и другите луѓе и односите меѓу заедниците

Овој дел ги истражува нивоата на доверба на младите во институциите, но исто така и нивоата на доверба меѓу луѓето и меѓу заедниците.

- Во однос на довербата генерално, перцепцијата на 48% од младите испитаници е дека на повеќето луѓе ниту може да им се верува, ниту да не им се верува. Други 35% мислат дека „на луѓето воопшто не може да им се верува" или дека на „луѓето не може да им се верува".
- Повеќето млади испитаници (91%) имаат некого на кого му веруваат и би се обратиле во проблематични ситуации. 85% од младите испитаници имаат луѓе кои ги сметаат за блиски. 82% од младите имаат луѓе на кои можат да се потпрат во време на неволја.
- Младите имаат поделени ставови за општата доверба во луѓето од другите етнички заедници. Генерално иако мнозинството од 57% од младите, немаат доверба во луѓето од друга етничка припадност, 43% имаат доверба во луѓе со различно етничко потекло.
- Речиси еднаков дел од младите испитаници ги оценуваат меѓуетничките односи/односите меѓу заедниците како „ниту добри ниту лоши" (46%) и „добри" (41%).
- Речиси две третини од младите (62%) не се согласуваат со изјавата „Се чувствувам поддржано од луѓе од други етнички заедници." 61% од младите не се согласуваат со изјавата „Редовно се вклучувам во разговори со луѓе од повеќе религии/култури и верувања."
- Довербата во институциите е генерално ниска и се движи од 1,6 до 2,2 на скалата каде што 1 е „воопшто не е од доверба" и 4 е „целосно доверлива". Владата и лидерите на политичките партии (средна вредност = 1,6) се најмалку доверливи, а потоа следуваат судовите и Собранието (средна вредност = 1,7). Најголема доверба има меѓу полицијата, верските водачи и граѓанските организации (средна вредност = 2,2).

## 1.3 ПРЕЛИМИНАРНИ ЗАКЛУЧОЦИ

1. Најдоминантен заклучок што произлегува од спроведената анализа е дека младите во државата немаат јасни ставови за повеќето прашања поврзани со нивната безбедност и сигурност. Тие не ја сметаат земјата ниту безбедна, ниту небезбедна. Што се однесува на безбедноста во државата во следните пет години, повеќето млади сметаат дека состојбата ќе остане иста, додека повеќе од една четвртина од младите сметаат дека состојбата ќе биде полоша. Амбивалентен став преовладува за повеќето прашања меѓу возрасните и етничките групи, како и низ регионите во земјата. Ова откритие покажува дека младите немаат доволно информации за безбедносните прашања што ќе им помогнат да ги артикулираат своите ставови. Дополнително, амбивалентниот став може да биде и резултат на недостаток на разбирање и интерес за клучните концепти, политики и практики и недостаток на вклучување на младите во креирањето политики поврзани со безбедноста и сигурноста на младите.
2. Анализата на податоците низ статистичките региони открива специфични тенденции на одредени региони речиси за сите прашања за безбедност и сигурност. На пример: генерално младите од Североисточниот Регион се чувствуваат помалку безбедно и сигурно, додека пак младите од Пелагонискиот Регион се чувствуваат безнадежно во однос на влијанието врз процесот на одлучување во нивната заедница. Понатаму, младите од Југозападниот Регион сметаат дека дигиталниот простор е најважен двигател на радикализацијата, младите од Скопскиот Регион немаат јасен став што е нивниот најголем проблем додека младите од Полошкиот Регион во значителен дел биле сведоци или доживеале насилство итн. Овие специфики покажуваат дека постојат недоследности и недостиг од структуриран пристап на институциите и властите во однос на безбедноста и сигурноста на младите луѓе на ниво на политики и оперативно ниво.
3. Младите сметаат дека институциите на национално ниво се најодговорни за градењето на мирот и безбедноста, додека локалната самоуправа што треба да биде првостепена институција во однос на безбедноста и сигурноста е многу пониско на листата на одговорни институции. Оваа состојба делумно ја отсликува општата хиерархија во земјата, при што повеќето функции се лоцирани на национално ниво. За да се промени овој фокус на младите, важно е да се продолжи процесот на формирање на локалните совети за превенција како многу важен за зголемување на улогата на локалните актери во овозможување безбедна средина и да се разговара за потенцијалното законско регулирање на овие тела.
4. На младите им недостигаат информации за манифестацијата на насилен екстремизам и радикализација на национално ниво и за пристапот на државата кон овие појави. Не знаат за програмите за ресоцијализација и реинтеграција на лицата осудени за терористички активности, кои се одговорни институции, која е нивната улога и зошто е тоа важно за општеството. Уште повеќе, младите не препознаваат и не знаат како да се заштитат од оваа потенцијална закана, особено во дигиталниот простор.
5. Насилството меѓу младите е присутно во голема мера на различни нивоа. Постојат силни докази што покажуваат дека младите доживуваат или сведочат насилство на јавни места, училишта и дигитални простори. Посебно загрижувачки се податоците за насилството во основните и средните училишта, при што вербалното и физичкото насилство се препознаваат како најчести. Фактот дека младите жени доживуваат или сведочат на насилство почесто од младите мажи, треба да се земе предвид при усвојување родово сензитивен институционален пристап и при креирање механизми за превенција, заштита и пријавување на насилство кај младите. Покрај тоа, младите доживуваат сајбермалтретирање на социјалните мрежи, разни дигитални апликации и дигитални платформи. Властите на национално и локално ниво не прават систематски и доволни напори за борба против насилството кај младите, особено во охрабрувањето на младите, родителите и претставниците на училиштата да го пријават насилството до одговорните институции. Има недостаток од структурирани и точни податоци за насилството меѓу младите на национално ниво што ќе бидат лесно достапни за сите засегнати страни.
6. Поделена е перцепцијата на младите за нивната безбедност во дигиталниот простор. Ова води до заклучок дека на младите им требаат дополнително образование и практични информации за сајберзаканите, како и за препознавање, спречување и пријавување на сајбермалтретирањето. Следствено, младите не се многу загрижени за заштитата на своите податоци во дигиталниот простор. Злоупотреба на податоци, лични фотографии и содржини на интернет не се среќава често кај младите. Но, во изминатите години имаше случаи на злоупотреба на содржини на интернет што доведоа до утврдување ново кривично дело – демнење во Кривичниот законик. Дополнително, неодамнешните настани во регионот поврзани со насилството на младите во училиштата врз нивните врсници и наставници завршија трагично со деца како жртви. Овие настани влечат корени во комуникацијата во сајберпросторот што го вклучи црвениот аларм на институциите за преземање посериозни мерки, дополнително внимание на комуникацијата во сајберпросторот и спречување насилство.
7. Младите го идентификуваат етничкото потекло како прва основа за дискриминација, по што следуваат политичка припадност и економски статус. Треба да се нагласи дека и во други студии етничката и политичката припадност се идентификувани како главни основи за дискриминација во последните десет години, што сигнализира дека напорите за намалување на дискриминацијата не се успешни и треба да се направи повеќе, вклучително и воведување некои иновативни пристапи. Политичката поделеност што постои на сите нивоа во општеството негативно се одразува на животот на младите и на нивната иднина. Изминатиот конфликт во земјата предизвика поделени градови, култури и заедници и тоа сè уште е присутно во етнички мешаните заедници. Освен Македонците и Албанците, младите од другите помалубројни заедници почесто доживуваат дискриминација врз основа на етничко потекло. Пријавувањето дискриминација не е вообичаено кај младите во земјава, што сигнализира недоволна информираност за институциите одговорни за борба против дискриминацијата, како и недостиг на доверба во постапките за заштита од дискриминација.
8. Учеството на младите во заедниците е на многу ниско ниво што се карактеризира со општо разочарување и апатија. Младите сметаат дека не се информирани за процесите на одлучување во нивните заедници, не се вклучени во одлучувањето и не веруваат дека имаат некакво влијание врз одлуките донесени во заедниците. Младите сметаат дека училиштето

и работната средина се малку подемократски во однос на обезбедувањето информации за процесите на донесување одлуки и учество во овие процеси, додека можноста да се влијае врз одлуките е подеднакво мала како и во влијанието на одлучувањето во нивните заедници воопшто. Видлив е трендот на отуѓување кај младите. Мнозинството млади луѓе се чувствуваат исклучено од одлуките донесени во рамките на нивната социјална мрежа/група пријатели и уште повеќе од нив не веруваат во влијание врз тие одлуки.

9. Младите генерално се чувствуваат амбивалентно за довербата во другите луѓе или сметаат дека на луѓето воопшто не може да им се верува. Охрабрувачки е тоа што мнозинството од младите имаат некого да му се обратат во проблематични ситуации, во неволја или некој со кого може да разговара и да се чувствува удобно. Ставовите за меѓуетничките односи се чини дека се генерално исти, па дури и полоши отколку во изминатата деценија. Поголемиот дел од младите немаат доверба во луѓето од друга етничка припадност, не се чувствуваат поддржано од луѓе од други етнички заедници и не можат редовно да се вклучат во комуникација со луѓе од друга културна и етничка припадност.
10. Јавните власти младите ги оценуваат како „малку доверливи". Најмалку доверба имаат во Владата и лидерите на политичките партии, а потоа следуваат судовите и Собранието. Најдоверливи се полицијата, верските водачи и граѓанските организации.

## 1.4 ПРЕЛИМИНАРНИ ПРЕПОРАКИ

1. Носителите на одлуки треба да ги вклучат младите во развојот на политики засновани на докази во однос на безбедноста и сигурноста. Од исклучителна важност е младите да бидат вклучени во идентификување на безбедносните ризици на локално и национално ниво и дизајнирање на решенија приспособени на потребите и спецификите на регионите и локалните заедници.
2. Институциите одговорни за прашањата за безбедноста и сигурноста на младите треба да применат проактивен пристап наместо само реактивен на случаи на насилство и закани по безбедноста и сигурноста. Потребна е специфична меѓусекторска методологија за идентификување, следење и пријавување на насилството меѓу младите. Дополнително, одговорните институции треба да воведат и механизми за брз одговор за случаите на насилство меѓу младите во училиштата.
3. Државните институции одговорни за млади, образование, безбедност и сигурност како што се Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи и Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и граѓанските организации што работат на младински прашања и со младите треба да воспостават и спроведуваат систематски формални и неформални образовни програми за доближување на концептите за градење мир, безбедност и сигурност до младите. Програмите треба да се приспособат на различните возрасни групи млади. Во овие програми треба да бидат вклучени сите училишта во државата.
4. Законот за младинско учество и младински политики треба да се имплементира со кој се регулираат вклученоста и ангажираноста на младите во националните и локалните процеси на одлучување. Локалните власти треба да им дадат значајна улога на формираните локални младински совети и да одвојат финансии за нивно правилно функционирање. Во оние општини каде што нема локални младински совети, тие треба да се формираат според законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики. Дополнително, локалните младински стратегии мора да бидат во согласност со Националната стратегија за млади и да обезбедат специфичен фокус на областа безбедност и сигурност.
5. Институционалните напори за зголемување на безбедноста и сигурноста на младите, довербата на младите во институциите и намалувањето на дискриминацијата треба да имаат регионален пристап. За таа цел, важно е дополнително да се продлабочат првичните наоди од ова истражување и да се спроведат квалитативни регионални истражувања и анализи што ќе доведат до приспособување на локалните активности на потребите на младите во областа на безбедноста и сигурноста.
6. Се препорачува на општините да формираат локални совети за превенција. Овие совети треба да земат предвид вклучување претставници од локалните младински совети и млади луѓе во нивниот состав, а со тоа да ја зголемат довербата на младите во локалната власт. Оние општини што веќе ги имаат овие совети треба да вложат напори и да одвојат соодветни буџети за функционирање на овие тела. Можноста за законско регулирање на овие тела може дополнително да се истражи за да се зајакне нивната позиција на локално ниво.
7. Министерството за образование и наука треба да го поттикне и надгледува спроведувањето на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученици жртви на насилство во основните училишта и треба да изнајде механизми за поттикнување на учениците, наставниците и стручниот персонал во училиштата да пријават насилство. Владата и Собранието треба да ја забрзаат постапката за донесување на Законот за средно образование и да вклучат членови за заштита, спречување и пријавување насилство. Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученици жртви на насилство во средните училишта треба да се подготви, донесе и да влезе во имплементација што е можно поскоро.
8. Програмите за обука на наставниците за превенција, заштита и пријавување насилство во училиштата треба да се спроведуваат континуирано и со сите наставници во државата. Дополнително, слични програми треба да бидат дизајнирани за учениците од основните и средните училишта за систематско формално и неформално образование. Исто така, властите треба да истражат и пренесат успешни модели и практики што се применуваат во странски земји за превенција и заштита на насилството во училиштата.
9. Владата и државните институции што учествуваат во Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот треба да одвојат доволно средства за спроведување на активностите што се однесуваат на младите во стратегиската рамка за спречување насилен екстремизам и борба против тероризмот. Дополнително, граѓанските организации и меѓународните организации треба да соработуваат со државните институции и локалната власт за да развијат и да обезбедат практични информации за младите поврзани со локалните и националните системи за спречување радикализација и насилен екстремизам.
10. Младите треба да добиваат континуирана едукација за дигитална писменост приспособена на нивната возраст. Агенцијата за заштита на личните податоци и Министерството за информатичко општество и администрација треба да планираат и спроведуваат вакви

активности во своите годишни програми во соработка со Министерството за внатрешни работи. Покрај тоа, младите треба да добиваат континуирана едукација за пријавување сајбернасилство и злоупотреба на податоци. Тие треба да се запознаат со улогата на одговорните институции како што се училиштата, локалната самоуправа, полицијата и народниот правобранител и со постапката за пријавување сајбернасилство. Родителите треба дополнително да се фокусираат на изложеноста на нивните деца на дигиталниот простор и да се едуцираат преку национални кампањи за заканите во дигиталниот простор, достапните механизми и одговорните институции за пријавување на сајбернасилството.

11. Владата треба да одвои доволно финансиски средства за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација и на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да ѝ обезбеди соодветна логистика и поддршка за целосно исполнување на својата улога. Податоците за случаите на дискриминација на младите треба да бидат соодветно класифицирани, анализирани и објавени.
12. Поделбите по етничка припадност во училиштата и институциите треба да се намалат, и систематски да се пристапи за конечно да се елиминираат. Мерките во оваа насока треба да го маргинализираат негативното влијание на политичкиот фактор и да ја зајакнат улогата на поединците и нивниот интегритет како императив во меѓучовечките и професионалните односи. Во оваа смисла, политичките партии, подмладоците на политичките партии и граѓанското општество треба да соработуваат во спроведувањето на мултиетничката интеграција и треба да одат подалеку од само демонстрацијата на волја за преземање конкретни активности. Понатаму, Министерството за образование и наука треба да ја поттикне меѓуетничката интеграција во училиштата и да создаде квалитетни услови за редовна комуникација, поддршка и интеракција меѓу учениците од сите националности.
13. Треба да се прошират и зајакнат капацитетите и програмите на Народниот правобранител за заштита на правата на децата и младите. Народниот правобранител како национална независна институција и регионалните канцеларии на Народниот правобранител треба да располагаат со соодветни финансиски и човечки капацитети да одговорат на навремено идентификување и пријавување случаи на насилство врз безбедноста и сигурноста на младите, а особено на насилството меѓу младите во училиштата.
14. Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување треба да овозможи ажурни, транспарентни и лесно достапни податоци за насилството меѓу младите во земјата, за сите засегнати страни. Телото треба да се промовира меѓу младите, родителите и наставниците да бидат препознаени како фокусна точка за справување со случаи на насилство меѓу младите.
15. Државниот совет за превенција на детско престапништво треба да вложи напори својата работа да ја направи потранспарентна и да ја доближи до пошироката јавност, особено до младите, родителите, наставниците и другите експерти од оваа област. Годишните извештаи што ги подготвува Државниот совет за превенција на детско престапништво и податоците за малолетничката деликвенција во земјава треба да бидат јавно и лесно достапни за пошироката јавност.





# 2. МЕТОДОЛОГИЈА И ОБЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1 Цел на истражувањето

Ова истражување ги оценуваше перцепциите на младите за безбедноста и сигурноста, учеството во формалните и неформалните мировни процеси, статусот на младинската и безбедносната агенда и прашањата за спротивставување и спречување на насилниот екстремизам во земјата. Истражувањето, исто така, се осврна и на насилството кај младите, исклученоста и маргинализацијата на сите нивоа. Истражувањето дава сеопфатен преглед на перцепциите на младите за прашања како што се довербата во властите и односите меѓу заедниците во последните децении.

## 2.2 Методологија на истражување и карактеристики на примерокот

Целна група на ова истражување беа млади од 15 до 29 години од Република Северна Македонија. За потребите на ова истражување, беше развиен репрезентативен примерок со користење стратификувано повеќестепено земање примероци со веројатност пропорционална на проценетата големина на популацијата. Примерокот на испитаници беше репрезентативен за структурата на вкупното население во државата, од аспект на етничка припадност, пол, возрасна група, место на живеење (урбано/рурално) и статистички регион (NUTS 3 ниво). Репрезентативен примерок за таргетираната популација беше постигнат со користење методологија на телефонско земање примероци со двојна рамка. Грешката при земање примероци беше 2,74% со ниво на доверба од 95% за вкупно 1 200 завршени телефонски анкети.

Во примерокот беа вклучени вкупно 1 235 испитаници преку телефонската анкета. Покрај тоа, истражувачкиот тим спроведе пет (5) полуструктурирани интервјуа со претставници на националните младински чадор организации, претставници на институции како што се Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Министерство за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност, Сектор за полициски работи и униформирана полиција.

Беа организирани осум (8) дискусии во фокус групи во сите осум статистички региони со шест (6) до осум (8) поединци во секоја група. Изборот на поединците беше спроведен во соработка со националните младински чадор организации. Интервјуата беа спроведени на македонски јазик, додека

фокус групите беа и на македонски и на албански јазик. Специфичните карактеристики на примерокот се претставени на следните графикони:




Графикон 1: *Пол*




Графикон 2: *Возраст*




Графикон 3: *Регион*




Графикон 4: *Етничка припадност*



# 3. ДЕФИНИЦИИ

Клучните дефиниции подолу треба да им помогнат на читателите подобро да разберат некои од концептите и термините применети во ова истражување. Повеќето од дефинициите се дефинирани во законодавни рамки или елаборации на концептите широко прифатени во јавноста и релевантната литература.

## 3.1 МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Според Законот за младинско учество и младински политики, млади се сите лица на возраст од 15 до 29 години.

## 3.2 БЕЗБЕДНОСТ И СИГУРНОСТ

Во национален контекст, концептот на јавна безбедност опфаќа два аспекта: прво, јавен (општ) интерес и лична (индивидуална, поединечна) безбедност. Јавната безбедност се однесува на безбедноста на сите луѓе. Личната безбедност се однесува на заштита на поединецот од опасност, ситуации опасни по живот, физичкиот идентитет и имотот на поединецот, како и сигурност во остварувањето на основните слободи и човекови права кои му припаѓаат на поединецот[2].

Сеопфатна дефиниција за безбедноста во теоретската рамка е дадена од Волферс, кој вели дека „безбедноста во објективна смисла го мери отсуството на закани за прифатените вредности, додека во субјективна смисла отсуството на страв дека тие вредности ќе бидат нападнати“[3]. Објективната и субјективната безбедност се меѓусебно поврзани и во повеќето случаи пропорционално се зголемуваат или намалуваат. Сепак, зголемувањето на објективната безбедност не секогаш значи зголемување на субјективната безбедност и обратно.

Во секојдневниот живот, терминот безбедност често се заменува со терминот сигурност. Додека безбедноста се однесува на ситуација во која постои ефективно владеење на правото, како и комбинација на човечки односи преку кои луѓето можат да ги извршуваат своите рутински активности, терминот сигурност може да значи различни нешта. Поимот сигурност е присутен во кривичното право како синоним за безбедност, додека во други ситуации може да значи силна верба во нешто.

[2] Ѓуровски, М. „Основи на безбедност – Концепциски безбедносни пристапи“, Фондацијата Конрад Аденауер, Скопје, 2021

[3] Arnold Wolfers. „Националната безбедност како двосмислен симбол во Раздор и соработка: Есеи за меѓународна политика“. Универзитетско издание Џон Хопкинс: Балтимор (1962): 149

## 3.3 САЈБЕРМАЛТРЕТИРАЊЕ

Сајбермалтретирање е кога некој е злобен, нељубезен или ги исмејува другите со испраќање или ставање навредливи пораки и/или слики на компјутер или преку мобилен телефон. Повредливите пораки или слики може да бидат преку е-пошта, мобилни телефони, текстуални пораки, лични веб-локации како „Фејсбук“ и виртуелни простории за разговор.

## 3.4 ДИСКРИМИНАЦИЈА

Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација, вклучително и оневозможување соодветно приспособување и оневозможување пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

## 3.5 НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И РАДИКАЛИЗАЦИЈА ШТО ВОДИ КОН ТЕРОРИЗАМ[4]

Динамичен процес во кој едно лице завршува со прифаќање на терористичкото насилство колку што е можно повеќе и уште повеќе како легитимен курс на дејствување. Иако можеби не значи, ова на крајот може да го насочи лицето на напад и да дејствува и учествува во терористички активности.

## 3.6 НАСИЛСТВО

Сите форми на физичко или психичко насилство, повреда или злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, вознемирување и експлоатација на деца, вклучително и сексуално вознемирување поврзано со довербата и грижата на родителите, законските старатели или други лица кои имаат законско старателство над детето. Националната стратегија за превенција и заштита на децата од насилство (2020 – 2025), исто така, го дефинира поимот злоупотреба и запоставување на децата како „секоја форма на физичка и/или емоционална злоупотреба, сексуално вознемирување, занемарување или невнимателно постапување или комерцијална или други видови на експлоатација, што потенцијално може да предизвика закана или оштетување на здравјето, опстанокот, развојот или достоинството на детето во контекст на взаемна одговорност, доверба и моќ“.

[4] Терминологијата „Насилен екстремизам и радикализација што води кон тероризам“ е консолидирана со Министерската декларација за зајакнување на напорите на ОБСЕ за спречување и борба против тероризмот, усвоена на министерскиот состанок во декември 2016 година (MC.DOC 1/16). Идентична терминологија е вклучена и во Националната стратегија за спречување насилен екстремизам (2023 – 2027 година).





# 4. КОНТЕКСТУАЛНА АНАЛИЗА

Контекстуалната анализа обезбедува релевантни информации извлечени од прегледот на литературата што се однесуваат на безбедноста и сигурноста во поширока смисла, како и заштитата и превенцијата на насилството меѓу младите и децата. Овој дел е поделен на три дела за да ги одрази спецификите на темата елаборирана преку анализа на законодавството, стратегиската и програмската рамка и институционалните механизми за превенција и заштита од насилство.

## 4.1 АНАЛИЗА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО

### – Меѓународна рамка

Земјите членки на ОБСЕ постојано го препознаваат придонесот на младите во зајакнувањето на мирот и безбедноста. Следниве меѓународни документи ја препознаваат важноста на младите во обезбедувањето мир и стабилност и решавање на безбедносните прашања на младите.

ОБСЕ Декларација за млади, Совет на Министри, Одлука бр. 3/14, Базел, го препознава „потенцијалот на младите луѓе да придонесат за економскиот, политичкиот и социјалниот развој“ и да ги „поддржат земјите членки во спроведувањето на заложбите во сите три димензии на ОБСЕ.“

ОБСЕ Декларација за млади и безбедност, Совет на Министри, Одлука бр 5/15, Белград, препознава дека „на младите и децата им треба посебно внимание и дека нивните потреби, грижи и интереси треба да се решат на сеопфатен начин.“

ОБСЕ Декларација за улогата на младите во придонесот кон напорите за мир и безбедност, Совет на Министри, Одлука бр. 3/18, Милано, ја препознава улогата што младите можат да ја имаат во поддршката на земјите членки во спроведувањето на нивните заложби во сите три димензии. Ја препознава улогата што младите луѓе можат да ја играат во придонесот кон културата на мир, дијалог, правда и мирен соживот, доверба и помирување.

Резолуцијата 2250 (2015) на Советот за безбедност на Обединетите нации е првата резолуција на Советот за безбедност што ја признава важната улога што младите жени и мажи ја имаат во одржувањето и промовирањето на меѓународниот мир и безбедност. Ги повикува земјите членки да размислат за воспоставување механизми што ќе им овозможат на младите значително да учествуваат во мировните процеси и во решавањето спорови. Резолуцијата 2250 (2015) на Обединетите нации посветува внимание на следните аспекти од животот на младите луѓе:

– *Учество*: Да се земат предвид учеството и ставовите на младите во процесите на донесување одлуки, од преговори и спречување насилство до мировни договори;
– *Заштита*: Да се обезбеди заштита на животот и човековите права на младите цивили и да се истражат и гонат одговорните за злосторствата извршени врз нив;
– *Превенција*: Поддршка на младите во спречување на насилството и промовирање култура на толеранција и меѓукултурен дијалог;
– *Партнерство*: Ангажирање на младите луѓе за време и по конфликтот во развојот на стратегии за градење мир, заедно со чинители од заедницата и органите на Обединетите нации;
– *Деангажирање и реинтеграција*: Да се вложи во младите погодени од вооружени конфликти преку можности за вработување, инклузивни политики за труд и образование што промовира култура на мир.

Резолуцијата 2419 (2018) на Советот за безбедност на Обединетите нации „ја препознава улогата што младите луѓе можат да ја имаат во спречувањето и решавањето конфликти и ги повикува Генералниот Секретар и неговите специјални претставници да ги земат предвид нивните ставови во дискусиите за безбедноста и да овозможат нивно еднакво и целосно учество во одлучувањето."

Резолуцијата 2535 (2020) на Советот за безбедност на Обединетите нации ја истакнува улогата на младите во спречувањето и решавањето на конфликт, како и во градењето и одржувањето на мирот, охрабрувајќи ги земјите-членки да ги вклучат младите во процесите на донесување на одлуки во овие области.

## – Национална рамка

Додека стратегиските документи ја обезбедуваат стратегиската намера на Владата да ја подобри и зајакне улогата на младите во земјата преку практични решенија, законите[5] ја обезбедуваат правната основа. Подолу се претставени релевантните закони и политики што се конкретно поврзани со младите. Се анализираат законите што се однесуваат на сигурноста и безбедноста на младите и како тие се регулирани во правните документи.

## – Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020)

Овој Закон ги дефинира формите на младинско организирање и младинско учество на национално и локално ниво. Во согласност со член 5, Законот ги објаснува основните принципи што вклучуваат:

– Еднаквост, еднакви можности и забрана од дискриминација;
– Независност, плурализам и демократија во сите форми на младинското организирање;
– Транспарентност и јавност;

[5] Законската регулатива и документите што ја регулираат безбедноста и сигурноста во државата за сите граѓани, а што не содржат конкретни членови за младите, (како што се Кривичниот законик, Законот за полиција, Законот за Министерството за внатрешни работи, Закон за Агенција за национална безбедност и сл.) нема да бидат конкретно елаборирани бидејќи ја регулираат институционалната поставеност на безбедносниот сектор и посебните институции.



– Унапредување на свеста за значењето на младите и нивната општествена улога;
– Мултикултурализмот, интеркултурализмот и инклузивност во активното учество на младите;
– Меѓуетничка вклученост и поврзаност на младинско организирање и водење на младински јавни политики;
– Одговорност и солидарност кај младите; и
– Меѓуинституционална соработка во креирање и спроведување на младински политики.

Иако Законот конкретно не ги опфаќа областите на сигурност и безбедност, принципите на антидискриминација, мултикултурализам и интеркултурализам се однесуваат на отворена комуникација, еднаквост и ненасилно однесување на младите.

## – Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на РСМ" бр. 24/2021)

Со овој Закон се уредуваат активностите на институциите во преземањето превентивни мерки за родово засновано насилство врз жените и семејното насилство, координација на институциите надлежни за превенција од насилство и заштита на жртвите и собирање податоци за родово засновано насилство и семејно насилство.

## – Закон за спортот („Службен весник на РСМ" бр. 29/2002)

Членот 59 во Законот ги уредува одговорностите на организаторите на спортските манифестации и натпревари за спроведување на мерките за спречување насилничко однесување на публиката. Понатаму, овој член ја опфаќа и одговорноста на службеното лице што раководи со институциите надлежни за работите во спортот. Организаторот на спортските манифестации и натпревари треба да ги почитува границите предвидени во однос на капацитетот на спортскиот објект. Но, Законот не содржи никакви принципи за спречување насилничко однесување на спортските настани и уште повеќе нема членови со кои би се регулирало однесувањето на навивачките групи на спортските настани. Законот вклучува репресивни мерки за насилничко однесување.

## – Закон за семејство (пречистен текст, Министерство за труд и социјална политика[6])

Прриот дел на Законот ги регулира општите принципи вклучувајќи го правото на децата да бидат заштитени од родителите и обврската на родителите да се грижат за децата и да ги штитат своите деца. Во третиот дел, Законот подетално ги уредува односите помеѓу родителите и нивните деца и поврзани со општите права и должности за заштита и грижа на децата, остварувањето на родителските права, надзорот од Центарот за социјална работа и потенцијалните лишувања од родителски права, особено во случај на насилство врз деца. Во делот VI-а, Законот ги дефинира поимот насилство во семејството, ситуациите на насилство, жртвите и сторителите. Дополнително,

[6] https://www.mtsp.gov.mk/wbstorage/files/zakon_semejstvo_osnoven.pdf

Законот ја уредува постапката за привремени мерки за заштита од семејно насилство, како и казни и санкции во оваа насока.

### – Закон за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 104/2019)

Генерално, со овој Закон се уредуваат социјалните права на граѓаните и давањето социјални услуги од државни институции, здруженија на граѓани и физички лица. За таа цел, младите под одредени услови можат да остваруваат одредени социјални права како членови на семејството или како малолетни лица без родители. Во членовите 57 и 63 од Законот се пропишуваат социјални права за домување и еднократна парична помош за млади без родители, а во други членови право на здравствена и социјална заштита и услуги за жртвите на насилство.

Поконкретна законска рамка е достапна во областа на заштитата на децата, која исто така вклучува заштита од насилство врз децата, правда за децата и заштита од насилство во областа на образованието. Бидејќи ова истражување ја опфаќа и целната група млади луѓе на возраст од 15 до 18 години, подолу е даден преглед на клучните законски регулативи од оваа област.

### – Закон за заштита на децата[7] (пречистен текст, Министерство за труд и социјална политика)

Со овој Закон се уредува заштитата на децата и видовите заштита, како и формирањето и функционирањето на установите и организациите за заштита и згрижување на децата. Во членот 4, овој Закон потсетува на принципите за постапување во најдобар интерес на детето, исклучувајќи секаква форма на дискриминација и почитувајќи го правото на детето на слобода и лична безбедност.

### – Закон за правда за децата („Службен весник на РСМ“ бр. 66/24)

Законот ја дефинира терминологијата поврзана со правда за децата и постапките во случаите кога децата се сторители на кривични дела, жртви или сведоци. Рамката во овој Закон предвидува заштита на децата во форма на преговарачки постапки и процеси на медијација, како и заштита во судски постапки како за децата сторители така и за децата жртви и сведоци. За да се намали влијанието на судските постапки и мерки врз развојот на децата, постои список на мерки што се однесуваат на упатување на децата во различни образовни институции, центри за ран детски развој, алтернативни мерки, укор и слично. Во Глава 16 се предвидува заштита и постапување со децата жртви на кривични дела и прекршоци.

[7] Достапно на: https://dspdp.com.mk/wp-content/uploads/2024/05/Zakon-za-pravda-za-decata.pdf



### – Закон за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 169/19 и 229/20) и Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување[8]

Во членовите 65 и 66 од Законот за основно образование се предвидуваат превенција и заштита на учениците од насилство и вклучување активности за превенција од насилство во годишната програма на училиштето. Законот предвидува и казни за одговорните лица и институции. Дополнително, Упатството дефинира различни видови насилство, запоставување и злоупотреба на учениците во училиштен контекст и ги предвидува активностите што треба да ги преземат училиштето, директорот и персоналот на училиштето во случаи на насилство врз ученици. Училиштата се обврзани да им пружат поддршка на жртвите на насилство, но и да работат со сторителите.

### – Закон за средното образование[9] (пречистен текст, Министерство за образование и наука)

Овој Закон во моментов е на ревизија. Меѓутоа, во постојниот Закон, член 51 забранува физичко и психичко малтретирање на ученици и мерки за советување на децата и родителите во случаи на насилно однесување. Според интервјуто направено со националните чинители, нацрт-законот за средно образование е во процедура и ќе содржи членови за спречување и заштита од насилство слични на Законот за основно образование.

## 4.2 СТРАТЕГИСКА И ПРОГРАМСКА РАМКА

Стратегиската и програмска рамка се однесува на младите и содржи конкретни цели и мерки за сигурност и безбедност на младите, превенција од насилство, заштита од насилство како и различни механизми за пријавување насилничко однесување и кршење на правата на младите.

### – Национална стратегија за млади (2023 – 2027) година со Национален акциски план (2023 – 2025) („Службен весник на РСМ“ бр. 204/23)

За прв пат, третата Национална стратегија за млади ја вклучува безбедноста (насилството) како една од осумте теми што ги третира новата стратегија. Темата Безбедност (насилство) опфаќа четири стратегиски цели што ги опфаќаат областите на физичка безбедност и интегритет на јавниот простор, гарантирање на слободата на изразување, борба против поларизација, дискриминација и екстремизам, доверба на младите во институциите и сензибилизираните институции за работа со млади луѓе и свесност за спроведување мерки за намалување на врсничкото насилство, сајбербезбедноста и дигиталната „хигиена“ во рамките на образовните институции.

[8] Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на насилство, Министерство за образование и наука бр. 18-6570/1 од 6 јули 2020 г.

[9] Достапно на: https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20srednoto%20obrazovanie.pdf

- **Национална стратегија на Република Северна Македонија за борба против тероризмот (2023 – 2027) и Национална стратегија на Република Северна Македонија за спречување на насилен екстремизам (2023 – 2027)[10]**

Стратегиите беа подготвени од Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам. Двете национални стратегии се усвоени од Владата и претставуваат продолжение на стратегиите од претходниот период, како и колективен напор на Националниот комитет за постигнување заедничко разбирање за националните цели, визија и мисија. Овие стратегии ги идентификуваат следните четири (4) заеднички стратегиски приоритети: *превенција*, *заштита*, *извршување и одговор*. Според стратегиите, севкупната мисија за спречување на ширењето на радикалната идеологија и борбата против политичкото насилство е да се развијат ефективни, одговорни и сеопфатни владини и општествени капацитети и активности за спречување, заштита, гонење и одговор на радикализацијата и ширењето на радикалната идеологија што може да доведе до политичко насилство, во согласност со вредностите на државата, со цел да се овозможи/промовира сигурна и просперитетна држава.

Активностите за млади особено се интегрирани во Стратегијата за спречување на насилен екстремизам. Активностите со младите во оваа насока се насочени кон спречување на насилниот екстремизам и радикализација како што се разни предавања, кампањи, активности во училиштата за спречување на ширењето на оваа појава. Важно е да се спомене дека и двете стратегии ги идентификуваат целите и мерките за борба против тероризмот, радикализацијата и насилниот екстремизам на интернет. Во развојот на новите стратегии беа вклучени многу актери, државни институции, граѓанскиот сектор, верските заедници и новинарите. Беа спроведени неколку работилници со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а наодите беа искористени како основа за стратегиите.

- **Национална стратегија (2020 – 2025) и Акциски план (2020 – 2022) за превенција и заштита на децата од насилство[11]**

Стратегијата дава сеопфатен преглед на состојбата со насилството во земјата и го претставува националниот систем за превенција и заштита од насилство вклучувајќи ги правната рамка достапна во оваа област и воспоставените тела, механизми и институции. Оваа стратегија го дефинира поимот насилство врз децата како „сите форми на физичко или психичко насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или несовесна врска, вознемирување и детска експлоатација, вклучително и сексуално вознемирување во врска со довербата и грижата на родителите, законскиот старател или друго лице што има законски обезбедена грижа за детето". Стратегијата, исто така, го дефинира терминот злоупотреба и запоставување на децата како „секоја форма на физичка и/или емоционална злоупотреба, сексуално вознемирување, занемарување или несовесно постапување или комерцијална или друг вид на експлоатација, што потенцијално може да предизвика закана или штета по здравјето на детето, неговиот опстанок, развој или достоинство во контекст на меѓусебниот однос на одговорност, доверба и моќ." Понатаму, Стратегијата ги дефинира различните форми на злоупотреба или занемарување, како и насилство од врсници – малтретирање, семејно насилство и насилство во односите со адолесцентите.

[10] Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_sne_2023-2027.pdf и https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_bpt_2023-2027.pdf

[11] Државен совет за превенција на детско престапништво, Национална стратегија (2020 – 2025) и Акциски план за превенција и заштита на децата од насилство (2020 – 2022) достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx



Стратегијата вклучува шест стратегиски области: национална стратегиска и правна рамка за превенција и заштита од насилство; унапредување на знаењата, практиките и поддржувачките вредности за промовирање нулта толеранција кон насилството; превентивни програми за спречување на насилството врз децата и зголемување на отпорноста на семејствата; капацитети на институциите за меѓусекторски одговор за заштита, третман и поддршка на децата; заштита и поддршка на децата во правосудниот систем и систем за докажување и следење на состојбата со насилството врз децата. Во рамките на Акцискот план, во секоја од стратегиските области се вклучени различни мерки. Сепак, немаше јавно достапни извештаи за спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план со цел да се оцени нивото на имплементација и досега постигнатите резултати.

- **Национална стратегија за превенција и правда за деца во Република Северна Македонија (2022 – 2027) и Акциски план (2022 – 2023)[12]**

Овие документи ги подготвува Државниот совет за спречување на детско престапништво. Стратегијата вклучува 12 стратегиски области што се однесуваат на различни аспекти за подобрување на состојбата на децата што се во конфликт со законот, како и за спречување на малолетничката деликвенција. Со Стратегијата се уредуваат и програмите за советување ученици и родители што се спроведуваат во основните и средните училишта за спречување или лекување на малолетничката деликвенција и насилство во училиштата. Според последните податоци во Стратегијата, во 2021 година во основните училишта се реализирани 8,324 советувања со ученици најмногу за училишни оценки, нередовно посетување на училиште или за несоодветно однесување. Дополнително, се спроведени 8,660 советувања со родители. Понатаму, во стратегиската област 11 се вклучени активности за подигање на свеста за правда на детето.

## 4.3 ИНСТИТУЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО

Клучните институционални механизми за спречување и заштита на насилството и правда за децата се Државниот совет за превенција од малолетничко престапништво и Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување. Воспоставувањето на овие механизми и нивната улога се накратко претставени во следните параграфи.

- **Државниот совет за превенција на детско престапништво**

Законот за правда за децата во Глава 17 ги уредува формирањето и работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво. Советот е формиран во 2009 година и вклучува 15 членови со мандат од пет години што се избираат од одговорните институции, како и експерти што се избираат на јавен оглас. Советот подготвува и донесува Стратегија за малолетничко престапништво и извештаи за својата работа преку годишни извештаи презентирани во Собранието. Форматот на известување е воспоставен врз основа на збир на индикатори. Годишните програми на Советот вклучуваат општи активности без прецизирање за темите, иницијативите и конкретната соработка што планира да ја воспостави Советот. Во согласност со извештајот за 2020 година, судовите идентификуваат и

[12] Државен совет за превенција на детско престапништво, Национална стратегија за превенција и правда за деца во Република Северна Македонија (2022 – 2027) и Акциски план (2022 – 2023) достапно на: http://dspdp.com.mk/vesti/promocija-na-nacionalnata-strategija-za-prevencija-i-pravda-za-decata-2022-2027/

пријавуваат најголем број деца жртви во споредба со другите институции, додека бројот на деца жртви пријавени од центрите за социјална работа е многу мал. Улогата на овој Совет е да дава препораки за намалување на малолетничкото престапништво и да ги мотивира одговорните службеници да работат на превенција од малолетничко престапништво. Во извештајот за 2020 година, Советот потсети дека општините не ја спроведуваат обврската за формирање локални совети за спречување на малолетничко престапништво. Овие локални совети се формирани во многу мал број и повеќето од нив не се функционални поради недостиг на средства.

### – Национално координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување

Ова тело е формирано со владина одлука бр. 44-7278/1 од 12.12.2017 година[13] да го следи и координира спроведувањето на активностите за заштита на децата од злоупотреба и запоставување и да изготвува годишни извештаи. Ова тело го подготви својот прв извештај во 2017 година за состојбата во однос на заштитата на децата од насилство според дефинираните индикатори за мониторинг. Ова тело ќе подготвува годишен извештај секоја година, но овие извештаи, иако треба да бидат јавно достапни, не се лесно достапни.

[13] Одлука на Владата бр. 44-7278/1 од 12.12.2017.





# 5. НАОДИ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Овој дел вклучува анализа на наодите собрани преку анкета и фокус групи со млади луѓе на возраст од 15 до 29 години. Делот дава преглед на наодите по одделни области, вклучувајќи:

1. Перцепција за безбедност и сигурност;
2. Учество во формални и неформални мировни процеси;
3. Спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација;
4. Насилство меѓу младите;
5. Сајбермалтретирање;
6. Исклучување и дискриминација; и
7. Доверба во властите и другите луѓе и односите меѓу заедниците.

Секој дел завршува со конкретни заклучоци и препораки.

## 5.1 ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СИГУРНОСТ

Перцепцијата на младите за безбедноста и сигурноста започнува со истражување на нивното мислење за најголемите проблеми, анализирање на перцепцијата за сегашното ниво на безбедност и сигурноста во земјата, како и перцепција за безбедноста во следните пет години. Дополнително, овој дел истражува како младите безбедно го гледаат своето место на живеење, својата земја и јавните локации. На крајот, овој дел го истражува нивото на загриженост за различните феномени што влијаат на безбедноста и сигурноста.

### – Нивоа на безбедност и сигурност во земјата

Од младите беше побарано да ги оценат безбедноста и сигурноста во земјата на скала каде што 1 не е воопшто безбедно, додека 5 е целосно безбедно. Просечната оцена за безбедност и сигурност е 3,4 што значи ниту безбедно ниту небезбедно. По ова, иако мнозинството од испитаниците (54%) сметаат дека земјата е донекаде безбедна или целосно безбедна (оцени 4 и 5 на скалата), има 17% од младите што сметаат дека земјата не е безбедно место. Наодите по пол и возрасни групи се во согласност со наодите за целокупниот примерок.



Графикон 5: *Нивоа на очекувања за безбедност*

Анализата по географски регион покажува дека поголем дел од младите од Југозападниот Регион (78%) ја сметаат земјата за безбедна и сигурна во споредба со другите региони. Дополнително, поголем дел од младите од Североисточниот Регион (32%) сметаат дека земјата не е безбедна и сигурна во споредба со другите региони. 32% од Ромите и 21% од Албанците сметаат дека земјата не е безбедна, наспроти 16% од Македонците.

Во однос на безбедносните очекувања, испитаниците беа прашани што ќе се случи со нивото на безбедност во земјава во следните пет години. Мнозинството млади луѓе (56%) сметаат дека ситуацијата ќе остане иста, додека повеќе од една четвртина (27%) сметаат дека ситуацијата ќе се влоши.



Графикон 6: *Очекувања за ниво на безбедност*

Анализирајќи ги резултатите по региони, интересно е да се забележи дека мнозинството млади (52%) од Североисточниот Регион сметаат дека состојбата ќе биде полоша. Најголеми оптимисти дека состојбата ќе се подобри се младите од Југозападниот Регион во споредба со другите региони. Исто така, малку поголем процент од оние што живеат во руралните средини (20%) во однос на оние што живеат во градот (15%) сметаат дека состојбата ќе се подобри. Дополнително, речиси 1/3 од Албанците се оптимисти дека ситуацијата ќе се подобри, додека 1/3 од Македонците и Ромите и половина од Србите во истражувањето сметаат дека ситуацијата ќе биде полоша.

## – Безбедност и сигурност во местото на живеење и јавните локации

Од младите беше побарано да изберат колку безбедно се чувствуваат на различни места. Општиот наод е дека младите се чувствуваат помалку безбедно на поголеми и виртуелни места (како што е дигиталниот простор). Така, 17% од младите се чувствуваат небезбедно во дигиталниот простор, потоа следуваат 11% што се чувствуваат небезбедно во својата земја. 81% од младите се чувствуваат безбедно во своето соседство и 70% во својот град.



Графикон 7: *Чувство на безбедност на јавни места*

Генерално, иако мнозинството млади мажи и жени се чувствуваат безбедно на речиси сите места (освен дигиталниот простор), процентот на млади жени што се чувствуваат безбедно е помал од оној на младите мажи. Покрај тоа, процентот на млади жени што не се чувствуваат ниту безбедно ниту небезбедно е поголем од млади мажи.

> „Како женско, не се чувствувам безбедно кога одам по улица навечер. Имам чувство дека некој може да ме нападне. Ова често се случува, иако јас лично не сум доживеала таква ситуација."
>
> Женско, 16 години (Струга)

Најголем дел од младите според возрасни групи се чувствуваат безбедно на наведените места, освен дигиталниот простор, каде што речиси еднакви делови од младите се чувствуваат безбедно и ниту безбедно ниту небезбедно. Сепак, процентот на млади луѓе од возрасната група 19 – 24 години што се чувствуваат безбедно е нешто помал од преостанатите две возрасни групи.

Со оглед на географските региони, во сите региони мнозинството од младите се чувствуваат безбедно во своите населби и градови. Најсигурни во ова чувство се младите од Вардарскиот Регион. Сепак:

- Во однос на безбедноста во соседството, поголем дел од младите во Скопскиот (25%) и Полошкиот (23%) Регион не се чувствуваат ниту безбедно ниту небезбедно во споредба со другите региони (од 3% до 11%).
- Во однос на безбедноста во областа/градот, поголем дел од младите во Североисточниот Регион, односно во градовите Крива Паланка и Куманово (15%) се чувствуваат небезбедно во споредба со другите региони (од 2% до 9%).
- Во однос на безбедноста во земјата, поголем дел од младите во Североисточниот Регион (32%) се чувствуваат небезбедно во споредба со другите региони (од 4% до 12%).

Испитаниците од фокус групите од Полошкиот и Североисточниот Регион посочуваат различни безбедносни грижи како што се безбедноста на улиците, безбедноста во училиштата, дигиталната безбедност итн., додека оние од Вардарскиот и Пелагонискиот Регион се чувствуваат прилично безбедно, истакнувајќи: „Генерално, ние сме мирна земја“; „Да, се чувствувам прилично безбедно.“

Албанците, како и Ромите во малку поголем дел, се чувствуваат ниту безбедно ниту небезбедно во споредба со Македонците и другите етнички заедници.

Во однос на дигиталниот простор, младите од Југозападниот (31%) и Североисточниот (23%) Регион се чувствуваат значително небезбедно во споредба со другите региони (во опсег од 8% до 19%). Исто така, поголем дел од Ромите (23%) и Албанците (20%) се чувствуваат небезбедно во дигиталниот простор во споредба со Македонците (15%).

Што се однесува на чувството на сигурност на јавни локации, мнозинството млади луѓе се чувствуваат речиси подеднакво сигурно во јавниот превоз (53%) и на јавните плоштади, места за пешачење и велосипедски патеки (54%). Сепак, процентот на оние што се чувствуваат несигурно е малку поголем во јавниот превоз (11%) од јавните плоштади, местата за пешачење и велосипедските патеки (9%).




Графикон 8: *Чувство на сигурност во јавниот превоз и јавните локации*

Додека најголемиот дел од машките испитаници (57%) се чувствуваат сигурно во јавниот превоз, процентот на женските испитанички што се чувствуваат сигурно е помал (48%). Други 40% од женските испитаници се чувствуваат ниту сигурно ниту несигурно во споредба со 33% од машките испитанички, додека оние женски испитанички што се чувствуваат целосно несигурно сочинуваат 11%



наспроти 9% од машките испитаници. Во однос на безбедноста на плоштадите, местата за пешачење и велосипедските патеки, резултатите се слични. Имено, процентот на женски испитанички што се чувствуваат сигурно е помал од оној на машките испитаници.

> „Јавниот превоз е важен за мене. Многу често користам јавен превоз. Воопшто не се чувствувам безбедно затоа што има ситуации кога некој ќе извади нож, ќе почне да се кара, автобусот гори, едноставно не се чувствувам многу безбедно кога сум во јавен превоз, но немам друг начин.“
>
> Женско, 19 години (Скопје)

Според возрасната група, мнозинството млади од 15 до 18 и од 25 до 29 години се чувствуваат безбедно во јавниот превоз, додека оние на возраст од 19 до 24 години се чувствуваат и безбедно (47%) и ниту безбедно, ниту небезбедно (41%). Во однос на безбедноста на плоштадите, местата за пешачење и велосипедските патеки, мнозинството од сите три возрасни групи се чувствуваат безбедно.

Регионално, во Скопскиот, Североисточниот и Источниот Регион младите луѓе генерално се чувствуваат помалку безбедно во јавниот превоз и на плоштадите, местата за пешачење и велосипедските патеки. Имено, 19% од луѓето во Скопскиот Регион и 17% во Североисточниот Регион се чувствуваат небезбедно во јавниот превоз во споредба со другите региони што се движат од 1% до 9%. Покрај тоа, 64% од младите во Источниот Регион не се чувствуваат ниту безбедно ниту небезбедно. Што се однесува на плоштадите, местата за пешачење и велосипедските патеки, 22% од луѓето во Североисточниот Регион се чувствуваат небезбедно на овие локации во споредба со другите региони што се движат од 1% до 14%. Покрај тоа, 66% од младите во Источниот Регион не се чувствуваат ниту безбедно ниту небезбедно.

> „Тоа се случи лани во зима во моето маало во Лисиче, некои улици немаат светла. Дојдов доцна од факултет, беше многу темно и не знаев каде да одам, што ме загрижи, не можев безбедно да стигнам дома.“
>
> Женско, 20 години (Скопје)

Мнозинството Македонци, Роми и повеќето од други етнички заедници се чувствуваат безбедно во јавниот превоз и на плоштадите, местата за пешачење и велосипедските патеки. Иако најголемиот дел од испитаниците Албанци (47%) се чувствуваат безбедно во јавниот превоз и на други јавни локации (48%), 45% не се чувствуваат ниту безбедно ниту небезбедно во јавниот превоз и 43% не се чувствуваат ниту безбедно ниту небезбедно на други јавни локации.

Според интервјуто со претставникот на Министерството за внатрешни работи, секоја година има кампањи за зголемување на безбедноста во автобусите и на јавните места. Овие кампањи вклучуваат, меѓу другите активности, дистрибуција на флаери со пораки за ненасилно однесување. Овие кампањи многу често се поврзани со некои специфични настани како што се кампањи за безбедно прославување на матурата, кампањи за негативните последици од употребата на петарди (особено пред Нова година), безбедно возење без употреба на алкохол итн.

## – Најголемите проблеми на младите во моментов

Недостигот од културни и спортски активности (51% од испитаниците) и недостатокот на можности за развој (51%) се најголемите проблеми на младите во моментов, по што следуваат невработеноста и економските проблеми, кои претставуваат најголем проблем за 49% од младите. Младите жени (54%) како најголем проблем со кој се соочуваат е недостаток од културни и спортски активности, додека кај младите мажи (49%) како најголем проблем е немањето можности за развој. На младите што живеат во градовите најголем проблем им е недостатокот на можности за развој, додека на оние што живеат во руралните средини невработеноста и економските проблеми, како и недостатокот од културни и спортски активности е подеднакво важен проблем.




Графикон 9: *Најголемите проблеми*

Анализата на податоците покажува дека овие три проблеми преовладуваат и кај анализата според етничка припадност, регионална дисперзија и возрасна група. Сепак, важноста на овие три проблеми варира на следниов начин:

- Анализата по етничка припадност покажува дека за 67% од Турците и 52% од младите Албанци невработеноста и економските проблеми се најголем проблем, додека за Македонците, Ромите, Србите, Власите, Бошњаците и другите етнички заедници најголем проблем е недостатокот на можности за развој.
- Во однос на возрасната категорија, младите од 15 до 18 години сметаат дека најголем проблем е недостатокот на културни и спортски активности, додека за оние на возраст од 19 до 29 години како најголем проблем доминираат невработеноста, економските проблеми и немањето можности за развој.
- Анализата по географски регион покажува дека во три од осумте географски региони (Вардар, Исток, Југозапад) најголем проблем е недостатокот на културни и спортски активности. Недостатокот на можности за развој е доминантен проблем за мнозинството млади што живеат во Југоисточниот и Пелагонискиот Регион, додека невработеноста и економските проблеми доминираат кај младите во Полошкиот и Североисточниот Регион.

Најголемиот притисок од наведените проблеми го чувствуваат младите од Вардарскиот Регион бидејќи сите наведени појави претставуваат најголеми проблеми за мнозинството млади во Регионот. Од друга страна, најголемиот дел од младите што живеат во Скопскиот Регион не сметаат дека ниту еден од наведените проблеми е најголем проблем. Нивните ставови се тесно поделени помеѓу опцијата „е“ и „не е“ најголем проблем за недостатокот на културни и спортски активности и немањето можности за развој.

72% од младите луѓе не ја сметаат безбедноста во својата заедница како најголем проблем во моментот, додека другите опции (како што се недостатокот на поддршка од околината, недостатокот на контрола над сопствениот живот) не се најголемиот проблем за 60% од испитаниците.

Според интервјуата направени со претставници на младински организации што реализираат активности на национално ниво и претставуваат чадор организации, фокусот на нивните активности не е директно поврзан со безбедноста и сигурноста на младите. Има само неколку примери на организации што преземаат активности за мир и безбедност што обично не се спроведуваат на стратегиско и програмско ниво. Некои од овие примери се поврзани со образованието за негативните ефекти од радикализацијата, насилниот екстремизам и терористичките активности, други со безбедноста на работното место или со училиштата како безбедна средина за младите. Сепак, претставниците на младинските организации информираа дека нивните организации членки водат пофокусирана работа на превенција од врсничко насилство во основните и средните училишта.

## – Загриженост на младите за различни појави

Од младите испитаници во истражувањето беше побарано да го одберат своето ниво на загриженост за различни феномени што негативно влијаат на безбедноста и сигурноста. Изборот е направен на скала каде што 1 не е воопшто загрижен, а 10 е крајно загрижен. Според податоците презентирани во Табела 1, младите имаат најголема загриженост за организираниот криминал (средна вредност = 7,1), проследено со природните катастрофи (средна вредност = 6,9) и можноста за избивање вооружен конфликт во Западен Балкан (средна вредност = 6,7). Најмалата загриженост кај младите е за групите на спортски навивачи што понекогаш може да се насилни за време и по спортски настани (средна вредност = 5,7). Според интервјуто направено со претставникот на Министерството за внатрешни работи, постојат посебни програми за работа со групи на спортски навивачи. Овие програми се воспоставени во почетокот на 2007 година и оттогаш постојано се работи со навивачките групи. Според „#ЗаеднichкиИднини – Перцепции на младите за мир во Западен Балкан “, УНДП 2021[14], организираниот криминал исто така претставува најголема грижа за младите на повеќето локации.

[14] https://www.undp.org/eurasia/publications/shared-futures-youth-perceptions-peace-western-balkans

| # | Појава | Средна оцена |
|---|---|---|
| 1. | Групи на спортски навивачи што понекогаш се насилни | 5,7 |
| 2. | Семејно насилство | 5,9 |
| 3. | Говор на омраза | 6,4 |
| 4. | Безбедност на интернет (сајбербезбедност) | 6,3 |
| 5. | Пристигнување на мигранти и бегалци | 6,3 |
| 6. | Меѓународен тероризам | 6,5 |
| 7. | Ултранационалистички групи | 6,5 |
| 8. | Организиран криминал (1) | 7,1 |
| 9. | Можност за избивање вооружен конфликт во земјата | 6,4 |
| 10. | Можност за избивање вооружен конфликт во рамките на Западен Балкан (3) | 6,7 |
| 11. | Природни катастрофи (2) | 6,9 |

Табела 1: *Загриженост за различни појави*

Женските испитанички имаат постојано повисоки нивоа на загриженост во споредба со машките испитаници. Што се однесува на семејното насилство како еден од факторите што ги загрозува безбедноста и сигурноста, младите жени се значително позагрижени од младите мажи (средната вредност кај младите жени = 6,2 е повисока во споредба со средната вредност кај младите мажи = 5,7). Возрасната група од 15 до 18 години е најмалку загрижена за сите појави во споредба со другите две возрасни групи. Дополнително, возрасната група од 25 до 29 години е повеќе загрижена за организираниот криминал (средна вредност = 7,3) од другите две возрасни групи (средна вредност = 7,1 кај возрасната група помеѓу 19 и 24 и средна вредност = 6,8 кај возрасната група помеѓу 15 и 18).

Анализата по регион покажува дека младите од Пелагонискиот Регион се помалку загрижени за сите наведени појави во споредба со нивните врсници од другите седум региони. Младите од Вардарскиот и Југозападниот Регион покажуваат поголема грижа за сите појави (средната оцена во овие два региона е значително повисока во споредба со средната оцена од другите региони). Меѓутоа, за некои од појавите (како што е можноста за избивање вооружен конфликт во земјата и на Западен Балкан, како и за природни катастрофи), загриженоста на младите од Полошкиот и Североисточниот Регион е исто така значително поголема од онаа на младите од другите региони.

Младите од македонската етничка заедница покажуваат помала грижа за сите појави во споредба со младите од сите други етнички заедници. Младите што живеат во руралните средини покажуваат поголема грижа за сите појави отколку оние што живеат во градовите.

### Заклучоци и препораки

- Младите ја сметаат земјата за ниту безбедна, ниту небезбедна. Сепак, помал дел од младите сметаат дека земјата не е безбедно место. Во однос на безбедноста во државата во следните пет години, повеќето млади сметаат дека состојбата ќе остане иста, додека повеќе од една четвртина од младите сметаат дека состојбата ќе биде полоша. Најголеми оптимисти во овој поглед се младите од Југозападниот Регион, а најголеми песимисти се младите од Североисточниот Регион. Генерално, младите се чувствуваат безбедно на повеќето јавни места и јавни локации (јавен превоз, плоштади, велосипедски патеки). Како што местото станува физички поголемо, и недефинираното чувството на безбедност се намалува. Така, младите го сметаат соседството најбезбедно, а дигиталниот простор како најмалку безбедна локација. Младите се сметаат за помалку безбедни во јавниот превоз. Младите жени генерално се чувствуваат помалку безбедно од младите мажи. Младите од Североисточниот Регион сметаат дека имаат помала безбедност од своите врсници од другите региони.
- Недостигот од културни и спортски активности и немањето можности за развој се најголемите проблеми на младите во моментов, по што следуваат невработеноста и економските проблеми. Ова се доминантните проблеми иако постојат одредени разлики во приоритетите на овие проблеми во согласност со регионите, возраста, полот и етничките групи.
- Секој четврти млад човек смета дека безбедноста во неговата заедница е најголем проблем. Од друга страна, младинските организации имаат ограничен фокус на активности за безбедност и сигурност на младите.
- Младите луѓе имаат најголема грижа за организираниот криминал, по што следуваат природни катастрофи и можноста за избивање вооружени конфликти во рамките на Западен Балкан. Младите речиси и не се загрижени за групите на спортски навивачи што понекогаш се насилни за време и по спортските настани. Младите жени покажуваат постојано повисоки нивоа на грижа за секоја појава во споредба со младите мажи. Во однос на семејното насилство како еден од факторите што ги загрозуваат безбедноста и сигурноста, младите жени се значително позагрижени од младите мажи. Младите од Пелагонискиот Регион се помалку загрижени во споредба со своите врсници од другите региони.

По заклучоците следуваат препораките што вклучуваат:

- Владата и Министерството за социјална политика, демографија и млади треба да ги вклучат младите во главните процеси и механизми во земјата и на локално ниво за креирање политики, споделување информации, дискусија и планирање на мирот и безбедноста.
- Законот за спорт треба да содржи конкретни членови што забрануваат насилство во спортски објекти и дополнително да ги поттикнуваат принципите на безбедно однесување на младите што учествуваат во спортски активности или како членови на навивачки групи.
- Младинските организации во земјата треба да креираат стратегиски програми фокусирани на безбедноста и сигурноста на младите.

## 5.2 УЧЕСТВО ВО ФОРМАЛНИ И НЕФОРМАЛНИ МИРОВНИ ПРОЦЕСИ

Овој дел го истражува општото разбирање меѓу младите за градењето мир, како и нивните искуства и учество во различни активности поврзани со мирот и безбедноста. Дополнително, овој дел ги анализира активностите на властите поврзани со безбедноста и сигурноста на младите луѓе.

## – Општо познавање на концептот за градење мир

Од младите испитаници беше побарано да го оценат нивното општо разбирање за концептот за градење мир на скала каде што 1 е „Воопшто не сум запознаен/а“ и 5 е „Целосно сум запознаен/а“. Податоците покажуваат дека концептуалното знаење и разбирање за градењето мир од страна на младите е многу ниско, бидејќи само четвртина (26%) од младите го разбираат овој концепт (оцени 4 и 5). Дополнително, како што е претставено во Графикон 10, главната грижа е што половина од испитаниците не се запознаени со концептот за градење мир.




Графикон 10: *Разбирање на концептот за градење мир*

Средношколците помалку се запознаени со концептот за градење мир во споредба со другите две возрасни групи. Имено, 59% од младите на возраст од 15 до 18 години не се запознаени со концептот во однос на возрасните групи 19 – 24 (48%) и 25 – 29 (43%). Машките испитаници во малку поголем дел се помалку запознаени со концептот за градењето мир (51%) во споредба со женските испитанички (49%). Младите од Скопскиот, Полошкиот и Пелагонискиот Регион значително помалку се запознаени со концептот за градење мир (околу 61% не се запознаени), во споредба со своите врсници од Вардарскиот и Југозападниот Регион (18% и 11% не се запознаени).

> Разбирање на мирот: „Кога нема војна“; „Кога сè е мирно“; „Ментална и физичка благосостојба“; „Соработка“; „Отсуство на загриженост“.
>
> Машко, 22 години (Струмица)

Младите од албанската етничка заедница подобро го разбираат концептот за градење мир во споредба со своите врсници Македонци и оние од другите етнички заедници. Имено, само 36% од Албанците не се запознаени со концептот за градење мир наспроти 75% од Србите, 73% од Ромите, 53% од Македонците и 52% од Турците. Очекувано е млади луѓе што живеат во мултиетнички заедници да бидат повеќе изложени на активности за градење мир и решавање конфликти и со тоа повеќе да се запознаат со овие концепти.

## – Младински активизам за мир и безбедност

Следејќи ги ниските нивоа на разбирање на концептот за градење мир, младите испитаници не покажуваат активизам поврзан со учество во акции и иницијативи што промовираат мир и безбедност. Така, 94% од испитаниците не волонтирале во вакви активности во изминатите 12 месеци (Графикон 11). Тоа беше забележано и во дискусиите во фокус групите каде што најголем дел од учесниците не учествувале или волонтирале во активности што промовираат мир и безбедност. Најголем дел од активностите и волонтерските искуства на младите во фокус групите се поврзани со Црвениот крст, еколошките акции, младинските организации, извидниците, проектите за меѓународна размена во културата и неформалното образование, спортските активности итн. Општо земено, во земјите на Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија, постои чувство на апатија и ниско ниво на активизам кај младите во сите сегменти на општеството. Според „#ЗаедничкиИднини – Перцепции на младите за мирот на Западниот Балкан“, УНДП 2021 година, „Релативно малку млади испитаници пријавиле дека учествувале во каков било вид граѓанска активност во изминатите 12 месеци, иако процентот се движел од ниски 8,5 проценти во Албанија на повисоки 32,2 проценти во Црна Гора, со просечно 19,5 проценти од младите во регионот што учествуваат во граѓански активности во изминатите 12 месеци.“




Графикон 11: *Волонтирање во мировни и безбедносни активности и иницијативи во изминатите 12 месеци*

Младите што ја претставуваат возрасната група од 18 до 24 години се најмалку активни (95%), додека возрасната група од 25 до 29 години е најактивна (93%) во волонтирање во активности што промовираат мир и безбедност во изминатите 12 месеци. Младите од Југозападниот Регион што покажаа подобро разбирање за концептот за градење мир на претходното прашање се исто така повеќе вклучени во активности и иницијативи што промовираат мир и безбедност (13%) во споредба со своите врсници од другите региони (во опсег од 2% до 4%). Поголема вклученост покажуваат и младите Албанци со 9% од испитаниците вклучени во активности што промовираат мир и безбедност. Нивните врсници Македонци и Роми покажуваат 5% вклученост.

Мнозинството од тие 6% (70 испитаници) од младите што биле активни во изминатите 12 месеци во промовирањето на мирот и безбедноста најмногу волонтирале во културни настани (56%), потоа еко акции (49%), формални и неформални образовни активности (47%) и спортски настани (46%). Граѓанските протести (16%) и политичките активности (13%) се помалку популарни од сите наведени настани за промоција на мирот и безбедноста. Значителен дел од оние што волонтирале на граѓанските протести и политички активности биле од машки пол. Младите жени (67%) во споредба со младите мажи (46%) се поактивни во културни активности и во формални и неформални образовни активности (55% женски наспроти 41% машки) (Графикон 12). За споредба, според „#ЗаедничкиИднини – Перцепции на младите за мир во Западен Балкан", УНДП 2021 година, младите од земјите од Западен Балкан најмногу се ангажираат во „помагање на сиромашните и маргинализираните популации, промовирање демократија и човекови права и политика." Според истата студија, „помалку млади жени биле заинтересирани за политика отколку мажи."




Графикон 12: *Волонтирање во различни видови активности што промовираат мир и безбедност*



Додека средношколците, очекувано, го следат општиот тренд на волонтирање најмногу во културни, еко и спортски активности, младите на возраст од 19 до 24 години најмногу учествувале во културни активности (65%), еко акции (55%) и верски активности (50%). Значително поголем дел од младите Албанци (81%) и половина од испитаниците Роми волонтираат во формални и неформални образовни активности во споредба со само 27% од Македонците. Исто така, 78% од младите Албанци и половина од испитаниците Роми волонтираат во верски активности што промовираат мир и безбедност во споредба со Македонците (само 14%). Интересно е што 1/3 од младите Албанци е активна на граѓански протести, додека кај Македонците овој дел е само 8%, додека, пак, нема учество на протести на граѓани од други етнички заедници. Дополнително, сите испитаници Роми волонтирале во културни активности, иницијативи за промоција на демократијата и еко акции, додека ниту еден од испитаниците Роми не учествувале во политички активности, граѓански протести и спортски активности.

> „Волонтерка сум во НВО 'Мултикултура' и учествувам на многу обуки. Исто така сум членка на Младинскиот совет. Спроведовме една волонтерска акција за помош на луѓето погодени од земјотресот во Турција за собирање облека. Исто така, уште една волонтерска акција беше посветена на лицата со посебни потреби."
>
> Женско, 19 години (Тетово)

Анализата по регион е спроведена на мала база на испитаници (само 70 испитаници) доминирана од младите од Полошкиот Регион (21 испитаник), Скопје (16 испитаници) и Југозападниот (исто така 16 испитаници). Следствено, анализата покажува дека во Полошкиот Регион (76%) има најголем процент на млади што волонтирале во културни активности во споредба со другите региони. Полошкиот Регион доминира со волонтирање на младите во формални и неформални образовни активности (86%) и верски активности (67%) во споредба со другите региони. Младите од Скопскиот Регион покажуваат помал интерес за учество во културни активности (31%) во споредба со другите региони, додека младите од Југозападниот Регион покажуваат помал интерес за учество во формални и неформални едукативни активности за промовирање на мирот и безбедноста.

### – Активности на властите поврзани со градењето на мирот и безбедноста на младите

Испитаниците беа прашани и за активностите на властите поврзани со градењето на мирот и безбедноста на младите. Повеќето од нив (87%) не слушнале за активностите на властите поврзани со градењето на мирот и безбедноста на младите (Графикон 13). Женските се поинформирани (15%) во споредба со машките испитаници (11%). Исто така, возрасната група 25 – 29 години е поинформирана за овие активности (16%) во споредба со другите две возрасни групи што се движат од 11% до 12%.




Графикон 13: *Ниво на информации за мировни и безбедносни активности на властите поврзани со младите*

Испитаниците од фокус групите споделуваат примери на активности како што се обуки, предавања и регионални училишта за мир и безбедност организирани претежно од граѓанските организации. Некои од овие активности на пример се организирани со последователни активности од страна на младите луѓе што по обуката треба да развијат и да предложат решенија како да се подобри безбедноста во градот. Дополнително, неколку од испитаниците спомenaa и некои активности на властите, како што се едукативни активности на полицијата во училиштата за тоа како да се подобри безбедноста во јавниот сообраќај и како и каде да се пријават потенцијални безбедносни закани. Понатаму, активности на стручната служба на училиштето за превенција од насилство, како што е работилница за превенција од насилство организирана од училишниот психолог.

„Во моментов работиме на проект со Националниот младински совет за безбедност во сообраќајот. Исто така, имавме активности за антидискриминација и меѓукултурен дијалог со цел да се намалат омразата и стереотипите кај различни групи млади. Присутни беа и претставниците на верските заедници."

Машко, 22 години, (Струмица)

Младите што живеат во руралните средини (15%) се малку поинформирани од оние што живеат во градовите (12%) за активностите на властите поврзани со градењето на мирот и безбедноста. Исто така, Турците (19%) и Албанците (17%) се малку поинформирани во однос на Македонците (12%).

Регионалната анализа покажува дека младите од Североисточниот Регион се повеќе информирани за активностите на властите за градење мир и безбедноста на младите (23%) во споредба со своите врсници од другите региони (во опсег од 9% до 16%).

Од младите испитаници во истражувањето, исто така, беше побарано да ги одберат првите три најинволвирани фактори/институции во прашањето за градење мир. Во Табела 2 е прикажана листа каде што граѓанските организации се избрани како први рангирани од речиси половина од испитаниците (49%). Листата продолжува со државните институции (48%) и граѓаните (45%). Интересно е што младите одговорностите за градење мир ги лоцираат претежно на национално ниво и кај државните институции, додека локалната власт, која треба да биде прва инстанца за безбедност и мир во локалните заедници, е на четврто место според 22% од испитаниците. Оваа состојба делумно ја отсликува општата хиерархија во земјата, при што повеќето функции се лоцирани на национално ниво.

Според интервјуто со претставникот на Министерството за внатрешни работи, Министерството спроведува низа едукативни активности во училиштата за превенција од насилство и за зголемување на безбедноста и сигурноста кај младите. Во однос на надлежностите на локално ниво, претставникот на Министерството за внатрешни работи смета дека е важно формирањето локални совети за превенција. Некои од општините имаат формирано локални совети за превенција. Локалните совети за превенција се препознаваат како важни во локалните политики за безбедност и сигурност и како такви треба да имаат значајна улога, особено во овозможување брз проток на информации меѓу локалните чинители и преземање брзи активности за подобрување на безбедноста и сигурноста на граѓаните. Овие тела може да земат предвид вклучување млади во својот состав и на тој начин да ја зголемат довербата на младите во локалната власт. Дополнително, Министерството за внатрешни работи има развиено Стратегија за вклучување и комуникација со заедницата (2024 – 2026)[15] чија цел е вклучување на членовите на заедницата во заштитата на јавната безбедност и безбедноста и идентификување и решавање на безбедносните закани во соработка со полицијата на локално ниво. Една од мерките предвидени со Стратегијата е вклучување на младите во спроведувањето на стратегијата.

| # | Фактори/Институции | % од испитаниците |
|---|---|---|
| 1. | Граѓански организации | 49% |
| 2. | Државни институции | 48% |
| 3. | Граѓани | 45% |
| 4. | Локална самоуправа | 22% |
| 5. | Верски организации | 21% |
| 6. | Политички партии | 20% |
| 7. | Бизниси | 8% |

Табела 2: *Институции што се занимаваат со градење на мирот*

[15] Министерство за внатрешни работи, Стратегија за вклучување и комуникација со заедницата (2024 – 2026) година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/strategii/Strategija%20komunikacija_PO684887.pdf

Возрасната група од 19 до 24 години, исто така, сметаат дека граѓанските организации се малку повеќе загрижени за градењето на мирот во споредба со другите две возрасни групи. Младите средношколци на возраст од 15 до 18 години сметаат дека државата и граѓанските организации се подеднакво загрижени. Младите од Вардарскиот и Полошкиот Регион сметаат дека граѓаните најмногу се занимаваат со градење на мирот во споредба со другите региони што сметаат дека и граѓанските организации и државните институции се занимаваат со градењето на мирот. Интересно е што само 9% од младите луѓе од Североисточниот Регион сметаат дека локалната власт се занимава со градење мир, што е значително помало во споредба со резултатите за другите региони што се движат во распон од 20% до 38%. Ова може да биде поврзано со општата констатација дека младите од Североисточниот Регион се чувствуваат помалку безбедно.

### Заклучоци и препораки

- Концептуалното знаење и разбирање за градењето мир од страна на младите се многу ниски. Главната грижа е што половина од испитаниците не се запознаени со концептот за градење мир. Оние млади луѓе што живеат во мултиетнички заедници се повеќе изложени на активности за градење мир и решавање конфликти и со тоа повеќе се запознаваат со овие концепти.
- Младите испитаници покажуваат низок активизам и интерес за учество во акции и иницијативи што промовираат мир и безбедност. Активизмот на младите во активностите за градење мир е поголем кај оние млади што покажуваат разбирање за концептот за градење мир. Покрај тоа, младите од Полошкиот Регион се поактивни од своите врсници од другите региони. Видовите активности што се преземаат за градење мир вклучуваат културни настани, екоакции, формални и неформални едукативни активности и спортски настани.
- Граѓанските протести и политичките активности се помалку популарни од сите наведени настани за промоција на мирот и безбедноста. Младите Албанци се значително поактивни на граѓанските протести, додека младите Роми и Албанци се повеќе вклучени во верските активности за промовирање на мирот и безбедноста.
- Младите немаат информации за активностите на властите поврзани со мирот и безбедноста. Оние што имаат информации наведуваат едукативни активности, предавања, активности за превенција од насилство во училиштата.
- Граѓанските организации се наведени на највисоки позиции на властите што се занимаваат со мир и безбедност, по што следуваат државните институции и граѓаните. Младите ги лоцираат обврските за градење мир претежно на национално ниво и кај државните институции, додека локалната власт што треба да биде прва инстанца за безбедност и мир во локалните заедници ја рангираат многу пониско на листата на одговорни институции. Оваа состојба делумно ја отсликува општата хиерархија во земјата, при што повеќето функции се лоцирани на национално ниво.
- Локалните совети за превенција се препознаени од Министерството за внатрешни работи како важно тело во безбедноста и безбедноста на локално ниво. Вклучувањето на младите во овие тела и нивните активности поврзани со мирот и безбедноста може да ја зголемат довербата на младите во локалната власт.



По заклучоците следуваат препораките што вклучуваат:

- Државните институции одговорни за безбедноста и образованието треба да продолжат и да поттикнуваат имплементација на формални и неформални образовни програми за да ги доближат концептите за градење мир, безбедност и сигурност до младите. Програмите треба да се приспособат на возрасните групи на млади. Сите училишта во државата треба да бидат вклучени во овие програми.
- Општините треба да формираат локални совети за превенција. Оние општини што веќе ги имаат овие совети треба да вложат напори и да одвојат доволен буџет за функционирање на овие тела. Советите, исто така, може да размислат за вклучување претставници од локалните младински совети и млади луѓе во својот состав, а со тоа да ја зголемат довербата на младите во локалната власт. Дополнително, можноста за законско регулирање на овие тела може да се разгледа особено со Законот за локална самоуправа или друга релевантна легислатива.
- Единиците на локалната самоуправа во соработка со локалните институции одговорни за мир и безбедност, како и локалните совети за превенција (во оние општини каде што постојат), треба да подготвуваат и финансираат младински активности за промоција и негување на мирот и безбедноста. Имплементацијата на овие програми треба да се организира во соработка со формираните локални младински совети и младински центри што се законска одговорност на локалната самоуправа.

## 5.3 БОРБА ПРОТИВ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И РАДИКАЛИЗАЦИЈА

Како и многу земји во регионот и Европа, Северна Македонија не остана имуна на негативното влијание на екстремизмот и радикализацијата. Според дефиницијата на ОБСЕ, насилниот екстремизам и радикализација што доведуваат до тероризам „е динамичен процес во кој едно лице на крајот го прифаќа терористичкото насилство како возможно, па дури и како легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот да го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување." Овој дел истражува колку младите се информирани за насилниот екстремизам и радикализација. Дополнително, делот истражува кои се ставовите на младите во однос на реинтеграцијата и ресоцијализацијата на осудените лица, особено на поранешните борци.

### – Перцепција на младите за присуство и влијание на радикализација и насилен екстремизам

Мнозинството млади (53%) сметаат дека радикализацијата не е проблем во нивната заедница. Сепак, за 38% од младите, радикализацијата претставува загриженост. Овој наод е во согласност со мислењето на дел од претставниците на интервјуираните младински организации што рекоа дека радикалната идеологија не е широко присутна, туку повеќе во некои места и заедници на територијата на нашата земја.




Графикон 14: *Перцепција за радикализација*

Младите од Источниот (76%) и Полошкиот (47%) Регион во значително поголем дел сметаат дека радикализацијата е проблем во споредба со другите региони (податоци што се движат од 7% до 39%). Исто така, 24% од младите од Вардарскиот Регион сметаат дека радикализацијата е најголем проблем во нивната заедница.

> „За мене радикализацијата е поврзана со тероризам. Има некои групи што ги привлекуваат младите луѓе кон овие феномени.“
>
> Машко, Струга

Од младите беше побарано да ги одберат трите најважни фактори што ја поттикнуваат радикализацијата. Политиката е избрана на врвот на листата од 58% од испитаниците, потоа економските разлики (40%) и религијата (37%). Политиката доминира како важен двигател во Скопскиот Регион (67%) во споредба со другите региони, кои се движат од 50% до 57%. Младите што живеат во градовите особено ја издвојуваат политиката како двигател (61%) во споредба со оние што живеат во руралните области (54%). Економските разлики доминираат во Југозападниот Регион во споредба со другите фактори и со другите региони. Религијата доминира во Пелагонија и Скопје.

Интересно е што младите се свесни за присуството на радикализација во дигиталниот простор. 23% од испитаниците сметаат дека дигиталниот простор е важен двигател. Дополнително, младите од Југозападниот Регион сметаат дека дигиталниот простор е подеднакво важен двигател на радикализација како и политиката. Оние што живеат во руралните средини (27%) сметаат дека дигиталниот простор е поважен двигател во споредба со испитаниците што живеат во градовите (20%). Дигиталниот простор е важен двигател на радикализација според младите Албанци (37%) и младите Роми (25%) во споредба со 18% од Македонците. Младите вклучени во дискусиите во фокус групите зборуваа за голем број закани и безбедносни грижи во дигиталниот простор. Тие можеби не ја истакнуваат директно радикализацијата како една од заканите, но даваат примери за комуникација со возрасни што не ги познаваат, закани од злоупотреба на лични податоци, фотографии и безбедносни проблеми поврзани со нивните профили на социјалните мрежи.

Младите опфатени во истражувањето воопшто не се подготвени да комуницираат или да живеат во близина на лицата што се осудени за терористички активности/насилен екстремизам или што покажуваат знаци на радикализација, при што 73%, односно 75% од испитаниците се согласуваат со овие изјави (оцени 3 и 4 на скалата). Графикон 15 ги прикажува ставовите на испитаниците во одредени ситуации на скала каде што 1 е „Воопшто не се согласувам“, а 4 е „Целосно се согласувам“. Дополнително, видливо е дека 43% од испитаниците не ја поддржуваат ресоцијализацијата на поранешните борци или лица осудени за терористички активности и насилен екстремизам (оцени 1 и 2 на скалата).




Графикон 15: *Ставовите на младите кон лицата осудени за терористички активности/насилен екстремизам*

## – Улогата на јавноста и институциите во спречување и одговор на насилниот екстремизам и радикализација

Од испитаниците беше побарано да ја утврдат улогата на различните актери во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата. 62% од младите сметаат дека полицијата е чинител со најголема улога во спречувањето насилен екстремизам и радикализација, а потоа следуваат меѓународните организации (37%) и граѓанските организации (33%).

Иако младите Албанци (48%) сметаат дека полицијата има најголема улога во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата, овој процент е помал во споредба со Ромите (75%) и Македонците (67%); додека другите етнички заедници се движат од 44% до 50%. Понатаму, младите Албанци (37%) сметаат дека верските водачи имаат поважна улога во споредба со Македонците (27%), додека за 36% од Ромите улогата на центрите за социјална работа е особено важна во споредба со другите етнички групи што се движат од 20% до 29%.




Графикон 16: *Улогата на јавноста и институциите во спречувањето насилен екстремизам и радикализација*

Во Југозападниот Регион граѓанските структури (како што се граѓанските организации, верските водачи и лидерите на соседните заедници) и меѓународните организации имаат поважна улога во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата во споредба со полицијата. Меѓународните организации имаат особено важна улога според испитаниците од Источниот Регион. Според податоците, улогата на претставниците на училиштата и центрите за социјална работа во превенцијата и одговорот на насилниот екстремизам не е доволно препознаена од страна на младите.

> „Морам да нагласам дека во врска со присуството на насилен екстремизам и тероризам нашата организација достави мислење до Владата, а службите за државна безбедност навремено реагираа и сите повратници во земјата и екстремистичките движења се соодветно третирани што го ограничи негативното влијание и прелевањето кај младите на локално ниво."
>
> Национален чинител, младинска организација



Испитаниците сметаат дека борбата против дезинформациите е најважен фактор како одговор на радикализацијата според 47% од испитаниците. Овој наод е поврзан со претходно објаснетата перцепција на младите за важноста на дигиталниот простор како еден од двигателите на радикализацијата. Имено, дигиталниот простор е најчесто користениот канал на комуникација на младите што ги прави изложени на различни информации. За да се заштитат, младите треба да поседуваат критички и аналитички вештини и базично образование за влијанието на радикализацијата и насилниот екстремизам. Борбата против дезинформациите е проследена со економски можности и вработување (44%) и еднаква дистрибуција на стоки и услуги (40%). Машките и женските испитаници го следат истиот тренд за важноста на различни фактори за спречување на радикализацијата.




Графикон 17: *Фактори за спречување на радикализацијата*

Борбата против дезинформациите и економските можности и вработувањето се подеднакво важни како одговор за спречување на радикализацијата според возрасната група од 19 до 24 години. Младите од оваа возрасна група стануваат изложени на пазарот на трудот и затоа се очекува да ги сметаат економските можности и вработувањето за важни. Овие два фактори се подеднакво важни и за младите што живеат во градовите. Оние што живеат во руралните области го избираат културниот дијалог (39%) како речиси еднаков на економските можности и вработувањето (40%). Според 36% од младите Албанци, културниот дијалог е подеднакво важен како и економските можности и вработувањето, додека за 48% од младите Роми културниот дијалог е вториот најважен фактор како одговор за спречување на радикализацијата. Дополнително, културниот дијалог е значително поважен фактор во Вардарскиот, Источниот и Пелагонискиот Регион во споредба со другите региони. Во Југозападниот Регион, зголемувањето на безбедноста во дигиталниот простор е значително поважен фактор (60%) како одговор на радикализацијата во споредба со другите региони што се движат од 9% до 43%.

## Заклучоци и препораки

- Генерално, младите се информирани за радикализацијата и сметаат дека радикализацијата не е проблем во нивните заедници. Сепак, повеќе од 1/3 сметаат дека радикализацијата е проблем.
- Политиката е избрана како главен двигател на радикализацијата, по што следуваат економските разлики и религијата. Интересно е што младите се свесни за присуството на радикализација во дигиталниот простор.
- Општо земено, младите не се подготвени да комуницираат со лица осудени за терористички активности/насилен екстремизам и не ја поддржуваат нивната ресоцијализација.
- Кај младите, полицијата има најголема улога во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата, а потоа следуваат меѓународните организации и граѓанските организации. Во Југозападниот Регион граѓанските структури (како што се граѓанските организации, верските водачи и лидерите на соседските заедници) и меѓународните организации имаат поважна улога во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата во споредба со другите региони.
- Улогата на претставниците на училиштата и центрите за социјална работа во превенцијата и одговорот за спречување на насилниот екстремизам не е доволно препознаена од младите.
- Младите сметаат дека борбата против дезинформациите е најважен фактор како одговор за спречување на радикализацијата. Имено, дигиталниот простор е најчесто користениот канал на комуникација на младите што ги прави изложени на различни информации. За да се заштитат од дезинформации, на младите им требаат образование и критички вештини. Други фактори како одговор за спречување на радикализацијата се економските можности и еднаквата дистрибуција на стоки и услуги.

По заклучоците следуваат препораките што вклучуваат:

- Владата и државните институции што учествуваат во Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризмот треба да одвојат доволно средства за спроведување на активностите што се однесуваат на младите во стратегиската рамка за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот.
- Граѓанските организации и меѓународните организации треба да соработуваат со државните институции и локалната власт за да развијат и да обезбедат практични информации за младите поврзани со локалните и националните системи за спречување радикализација и насилен екстремизам.

## 5.4 НАСИЛСТВО МЕЃУ МЛАДИТЕ

Насилството меѓу младите е една од клучните грижи не само во Северна Македонија, туку и во земјите од Западен Балкан и на меѓународно ниво. Насилството во национален контекст е дефинирано во националната стратегиска рамка како: „сите видови на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или немарен однос, малтретирања или експлоатација на дете, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба“[16]. Во следниот дел, насилството ќе биде општо анализирано користејќи ги резултатите од истражувачката студија, како и во споредба со слични студии за насилството и особено насилството меѓу младите во училиштата.

[16] Национална стратегија за превенција и правда за децата во Република Северна Македонија (2022-2027) и Акциски план (2022-2023) достапни на: http://dspdp.com.mk/vesti/promocija-na-nacionalnata-strategija-za-prevencija-i-pravda-za-decata-2022-2027/

### – Перцепции за насилството кај младите

Младите испитаници беа прашани за степенот на насилство меѓу младите. 59% од младите велат дека насилството е „целосно присутно“ или „донекаде присутно“ кај младите наспроти само 11% што сметаат дека насилството „воопшто не е присутно“ или „не е присутно“. Малку поголем процент од младите жени (61%) сметаат дека насилството е „целосно присутно“ или „донекаде присутно“ во споредба со 56% од младите мажи. Дополнително, возрасната група од 19 до 24 години во малку поголем дел го смета насилството „целосно присутно“ или „донекаде присутно“ (61%) во споредба со другите две возрасни групи, и двете со 57%.




Графикон 18: *Присуство на насилство меѓу младите*

Помал дел од младите Албанци (47%) сметаат дека насилството е присутно кај младите во споредба со Бошњаците (82%), Србите (75%), Ромите (66%), Македонците (63%), Турците (59%) и Власите (45%). Младите од Полошкиот (35%), Пелагонискиот (40%) и Југозападниот (41%) Регион, исто така, сметаат дека насилството не е многу присутно во споредба со младите од другите пет региони што се движат од 64% до 78%. Поголем дел од младите од градовите (61%) сметаат дека насилството е присутно од оние што живеат во руралните области (56%).

> „Младите од основните и средните училишта се изложени на врсничко насилство. Во овој период и ние сме во пубертет и има промени и во нашето однесување. Училиштата треба соодветно да се справуваат со овие работи.“
>
> Женско, 20 години (Скопје)

Податоците на Министерството за внатрешни работи покажуваат благ пораст на насилството, особено на врсничкото насилство и на сајбернасилството. Зголемен е бројот и на страната на жртвите на насилство, како и на страната на младите како сторители на криминални дејства. Во 2022 година бројот на деца жртви на насилство бил 62, додека во 2023 година тој број е 74. Практиката во Министерството за внатрешни работи покажува дека младите се изложени на безбедносни закани и насилство особено на јавни места и во сајберпросторот. Нивниот фокус е на превентивни активности и мерки со младите од основните и средните училишта, додека други институции како Агенцијата за млади и спорт имале активности што вклучуваат млади над 19 години.

Главните три причини што го мотивираат насилничкото однесување кај младите се чувството на неправда (40%), разочарувањето од својот социјален статус (39%) и недостатокот на семејна поддршка (34%). Многу блиску котира и недостатокот на поддршка од институциите (33%). Еднакви делови млади жени и млади мажи го сметаат чувството на неправда и разочарување од својот социјален статус како главна причина. Дополнително, младите жени сметаат дека недостигот на поддршка од семејството и недостигот на поддршка од институциите се подеднакво важен фактор што мотивира насилни дејства.




Графикон 19: *Фактори што мотивираат насилничко однесување*

Младите Албанци (27%) ја селектираа радикалната идеологија како трета најважна причина за насилничко однесување, додека младите Роми (32%) недостатокот на можности за кариера. Одговорите на другите етнички заедници како Власите, Бошњаците, Србите и Турците се распределени генерално помеѓу чувството на неправда и разочарувањето од својот социјален статус, додека на другите фактори им се посветува значително помалку внимание. Во групата средношколци доминира разочарувањето од нивниот социјален статус, додека кај студентите доминантен фактор е чувството на неправда. Значително поголем дел од младите во Југозападниот Регион (67%) го избираат разочарувањето од својот социјален статус како доминантен фактор во споредба со другите региони што се движат од 12% до 48%. Чувството на неправда доминира во Пелагонискиот и во Источниот Регион.

Од интервјуата со националните чинители во областа на образованието, евидентно е дека државата е свесна за насилството и во основните и во средните училишта. Се преземаат различни механизми за да се обезбедат превенција и заштита на учениците од насилство. Во Министерството за образование и наука е формиран посебен оддел за советување со родители што се занимава со случаи на насилство. Насилството може да се пријави на е-поштата посветена за оваа намена. Основните училишта се должни да го спроведат Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученици жртви на насилство и во своите статути и годишни програми да ги интегрираат активностите за превенција и заштита од насилство. Дополнително, Бирото за развој на образованието во 2022 и 2023 година спроведе циклус на обуки за наставници и помошен персонал во основните училишта за заштита од насилство. Заклучокот е дека буџетот за обуката не е доволен иако постои потреба и волја за спроведување на програмите за обука.

## – Искуство со насилство

18% од младите вклучени во истражувањето доживеале или биле сведоци на насилство или и двете. Поголем дел од младите во возрасните групи 15 – 18 и 19 – 24 години (16%) биле сведоци на насилство во споредба со возрасната група од 25 до 29 години (13%). Значително поголем процент од младите од Полошкиот Регион (25%) биле сведоци на насилство во споредба со младите од другите региони (во опсег од 5% до 17%). Поголем дел од младите Роми (32%) биле сведоци на насилство во последните 12 месеци во споредба со Македонците (15%). Другите етнички заедници се движат од 15% до 18%, додека само 9% од младите Албанци биле сведоци на насилство.




Графикон 20: *Искуство и сведоштво на насилство*

Повеќето млади со искуство во насилство доживеале или биле сведоци на вербално насилство (80%), а потоа 74% што доживеале или биле сведоци на физичко насилство. Другите видови насилство како социјално, психичко, дигитално и сексуално се пријавени во значително помал процент. Согласно „#ЗаеднничкиИднини – Перцепции на младите за мир во Западен Балкан“, УНДП 2021 година, во просек 12% низ земјите доживеале насилство во форма на говор на омраза онлајн и офлајн.

Физичкото насилство доминира во изјавите на младите мажи. 80% од мажите доживеале или биле сведоци на физичко насилство во споредба со 66% од младите жени. Покрај тоа, вербалното, социјалното и психолошкото насилство доминираат во изјавите на младите жени. 84% од младите жени доживеале или биле сведоци на вербално насилство во споредба со 76% од младите мажи. Поголем дел од младите жени доживеале сексуално насилство (4%) во споредба со младите мажи (2%). Во согласност со „#ЗаеднничкиИднини – Перцепции на младите за мир во Западен Балкан“, УНДП 2021 година, „на повеќето локации, жените доживеале значително повеќе сексуално вознемирување од мажите.“

Младите во возрасната група од 15 до 18 години почесто доживуваат и физичко и вербално насилство, додека психичкото насилство е поприсутно кај возрасната група од 25 до 29 години. Младите Албанци (81%), Ромите (76%) и Власите (67%) почесто доживуваат физичко насилство во споредба со Македонците (69%). Сите испитаници од српска и турска етничка припадност доживеале физичко насилство. Вербалното насилство е помалку застапено кај младите Албанци (69%) во споредба со Македонците (82%), Ромите (82%) и Турците (80%). Сите испитаници од бошњачка и влашка етничка припадност доживеале вербално насилство. Сите други видови насилство (психолошко, социјално и насилство преку интернет) се позастапени кај младите Албанци во споредба со Македонците, Ромите, Србите, Турците, Власите и Бошњаците. 5% од Албанците и 6% од Ромите доживеале или биле сведоци на сексуално насилство во споредба со 2% од Македонците. Другите етнички заедници како Турците, Србите, Власите и Бошњаците не доживеале ниту биле сведоци на сексуално насилство.

> „Информациите што ги собираме во врска со насилството доаѓаат од стручниот кадар. Податоците обично се собираат за возрасната група 6 – 10, 11 – 14 и 15 – 18 години. Последнава година податоците покажуваат дека насилството преовладува во возрасна група од 10 до 14 години, со доминантно врсничко насилство. Момчињата се почесто жртви на физичко насилство, додека девојчињата на психичко насилство.“
>
> Национален чинител, јавна установа

Во Југозападниот Регион, психичкото насилство е подеднакво присутно како физичкото и вербалното насилство. Сексуално вознемирување е присутно во Вардарскиот (8%), Источниот (5%), Полошкиот (4%) и Скопскиот (2%) Регион, додека во другите четири региони нема доживеано сексуално насилство или посведочено од страна на испитаниците.

Според податоците во истражувањето, се чини дека насилството во институциите и работните простори е помалку застапено од насилството на јавни места како што се паркови, улици, барови, како и во споредба со домот и училиштето. Искуството на младите испитаници покажува дека повеќето од нив доживеале или биле сведоци на насилство на улица (70%), потоа насилство во училиштето (43%) и насилство во паркови и барови 42% на секоја локација. На повеќето од дадените локации (7/12) поголем дел од младите жени отколку младите мажи доживеале насилство како жртва или сведок. Разликата е особено значајна за насилството доживеано или посведочено во куќата на пријател каде што 15% од жените пријавиле насилство (како жртва или сведок) во споредба со 5% од мажите.

Младите од дискусиите во фокус групите споделуваат примери на физичко насилство на улица кога групи млади се тепаат меѓу себе на претходно договорено време и место. Тие исто така посочуваат дека во училиштата, на јавни места и на културни настани има дроги и разни психоактивни супстанции што може да влијаат и на насилничкото однесување на младите. Употребата на разни видови психоактивни супстанции на културни манифестации за млади ја потврди и претставникот на Министерството за внатрешни работи како безбедносен ризик.




Графикон 21: *Насилство на различни локации*

Посебно загрижувачки се податоците за насилството доживеано или посведочено во училиштата. Имено, 81% од возрасната група од 15 до 18 години искусиле насилство во училиште, што потврдува дека насилството е во голема мера присутно во основните и средните училишта. Исто така, 13% од оваа возрасна група доживеале или биле сведоци на насилство дома, што е значително поголем дел во споредба со возрасните групи 19 – 24 и 25 – 29 години. Во возрасната група преовладува искуство или сведочење на насилство во клубови и барови. Младите од албанската заедница во значително

повисок процент доживуваат или сведочат насилство дома (32%), во училиште (56%) и во болница (29%) во споредба со своите врсници Македонци и од севкупниот примерок.

Младите од дискусиите во фокус групите посочуваат дека врсничкото насилство е многу присутно во училиштата. Тие споделуваат примери на врсничко насилство, вербално насилство и дискриминација во училиштата. На пример, ако еден млад маж посетува текстилно училиште во кое се запишуваат претежно жени, тој сигурно ќе доживее вербално насилство од своите врсници. Истото тоа се применува и ако женско посетува училиште во кое се запишуваат претежно машки.

Според податоците од најновото истражување за правата на детето спроведено од Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" и Народниот правобранител во 2023 година[17] со 600 ученици од основните училишта од седмо до деветто одделение, 43% од учениците потврдуваат присуство на насилство во училиштата, додека 46% биле жртви на насилство. Дополнително, 40% од учениците сметаат дека вербалното насилство е најприсутно проследено со физичко насилство и емоционално вознемирување.

## Заклучоци и препораки

- Насилството е присутно кај младите во земјата. 18% од младите доживеале и/или биле сведоци на насилство, додека овие бројки се многу повисоки кај младите во основните и средните училишта. Дополнително, националните чинители исто така потврдуваат дека насилството е присутно и наведуваат различни мерки за спречување и борба против насилството. Сепак, сè уште недостига примената на овие мерки во практика и пријавувањето на насилството во училиштата до одговорните институции.
- Повеќето млади сметаат дека чувството на неправда, разочарувањето од својот социјален статус и недостатокот на семејна поддршка се главните причини за насилство. Многу блиску котира и недостатокот на поддршка од институциите. За помладите групи, нивниот социјален статус е примарна причина за насилство.
- Вербалното насилство е главно присутно кај младите проследено со физичко насилство. Младите жени најчесто доживуваат вербално, психичко и социјално насилство, додека младите мажи најчесто се жртви или сведоци на физичко насилство. Младите жени почесто доживуваат сексуално вознемирување отколку младите мажи.
- Насилството во институциите и работните простори е помалку застапено. Младите луѓе доживеале или биле сведоци на насилство претежно на јавни места како што се паркови, улици и барови и насилство меѓу врсниците во училиштата. Младите жени споделуваат значајни искуства или сведочат за насилство во домот на пријател/ка.

По заклучоците следуваат препораките што вклучуваат:

- Министерството за образование и наука дополнително треба да го поттикне спроведувањето на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученици жртви на насилство во основните училишта и треба да изнајдат механизми за поттикнување на учениците, наставниците и службите за поддршка на училиштата да пријават насилство.
- Владата и Собранието да ја забрзаат постапката за донесување на Законот за средно образование и да предвидат членови за заштита, спречување и пријавување насилство.
- Треба да се подготви, донесе и влезе во имплементација Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученици жртви на насилство во средните училишта што е можно поскоро.
- Програмите за обука на наставниците за превенција, заштита и пријавување насилство во училиштата треба да се спроведуваат континуирано и до сите наставници во државата. Дополнително, слични програми може да бидат дизајнирани за учениците од основните и средните училишта за систематско формално и неформално образование. Исто така, властите треба да истражат и пренесат успешни модели и практики што се применуваат во странски земји за превенција и заштита на насилството во училиштата.
- Министерството за внатрешни работи и локалните власти треба да направат безбедносни процени на јавните места како што се улици, паркови и барови и да преземат дополнителни мерки за зајакнување на безбедноста на младите, а особено на младите жени.
- Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување треба да овозможи податоците за насилството меѓу младите во земјата да бидат ажурирани и транспарентни и достапни за сите засегнати страни.

## 5.5 САЈБЕРМАЛТРЕТИРАЊЕ

Сајбермалтретирањето е специфичен вид насилство општо објаснето како кога некој е злобен, нељубезен или се исмејува со другите со испраќање или ставање навредливи пораки и/или слики на компјутер или преку мобилен телефон. Навредливите пораки или слики може да бидат преку е-пошта, мобилни телефони, текстуални пораки, лични веб-локации како „Фејсбук", „ТикТок", „Инстаграм", „Телеграм", „Јутјуб" и виртуелни простории за разговор. Според младите во фокус групите вклучени во ова истражување, како и многубројните истражувачки трудови спроведени во изминатите три години, сајбермалтретирањето е особено присутно на социјалните мрежи кај врсниците. Неодамнешните настани во регионот поврзани со насилството на младите во училиштата врз нивните врсници и наставници завршија трагично со децата како жртви. Овие настани влечат корени во комуникацијата во сајберпросторот што го вклучи црвениот аларм на институциите за преземање посериозни мерки, дополнително внимание на комуникацијата во сајберпросторот и спречување насилство. Всушност, во нашиот национален контекст, најголем дел од националните чинители и претставници на граѓанските организации интервјуирани во ова истражување го дефинираат насилството преку постојното врсничко насилство во училиштата што главно се случува на социјалните мрежи.

### – Перцепциите на младите за безбедноста во сајберпросторот

42% од испитаниците во истражувањето се чувствуваат „безбедно" или „целосно безбедно" кога користат интернет. Истовремено, други 20% не се чувствуваат безбедно. Сепак, релативно голем процент од испитаниците (38%) се чувствуваат „ниту безбедно, ниту небезбедно", што може да доведе

[17] Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" и Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Истражување за правата на детето", Скопје 2023.



Графикон 22: *Безбедност и сигурност во сајберпросторот*

до заклучок дека се потребни дополнителни истражувања за да се истражат причините зад ова мислење и да се види дали е потребно дополнително образование за младите да ја зголемат својата доверба и да ги артикулираат своите ставови во однос на својата безбедност на интернет.

Дискусиите во фокус групите спроведени во сите осум региони откриваат слични ситуации во кои младите се поделени помеѓу чувството дека се безбедни на интернет и чувството дека се ниту безбедни ниту небезбедни.

> „Не се чувствувам безбедно, на веб-страница има известување 'прифати ги сите колачиња' и ако кликнете на ова и ако страницата не е безбедна, може да пристапи до нашите лични информации и сите информации што се во лаптопот, пин-кодот, и регистарскиот број."
>
> Женско, 17 години (Струга)

Чувството да се биде ниту безбеден ниту небезбеден е особено нагласено кај младите од албанската заедница (48%). Младите Бошњаци (55%) и Ромите претежно се чувствуваат безбедно (48%) во споредба со 45% од Македонците и 32% од Албанците.

Поголемиот дел од младите во Источниот Регион се чувствуваат ниту безбедно ниту небезбедно (56%), што е значително повисоко во споредба со другите региони што се движат од 26% до 41%. Младите од Југозападниот Регион се чувствуваат исклучително небезбедно (19%) во споредба со другите региони, кои се движат од 1% до 11%, додека мнозинство од младите од Пелагонискиот Регион се чувствуваат „безбедно" или „целосно безбедно" (56%).

Поголемиот дел од младите (66%) посветуваат внимание на заштитата на своите лични податоци и информации на интернет. Сепак, 23% од младите ниту посветуваат ниту не посветуваат внимание на заштитата на личните податоци. Младите жени се помалку внимателни (64%) во споредба со младите мажи (68%). Младите од Североисточниот Регион (80%) и Југозападниот Регион (77%), следствено на своето чувство дека се небезбедни на интернет, се особено внимателни со своите лични податоци во споредба со другите региони и со целокупниот примерок. Младите Срби (79%) и Албанците (71%) се повнимателни со своите лични податоци во споредба со Турците (67%), Македонците (65%), Власите (65%), Ромите (50%) и Бошњаците (45%).



Графикон 23: *Заштита на личните податоци на интернет*

## – Искуство со прекршување на безбедноста и сигурноста во сајберпросторот

Мнозинството од испитаниците (72%), не доживеале ситуација во која нивни фотографии, видеа или податоци биле користени на интернет без нивна согласност. Други 24% познаваат некој што доживеал ваков вид злоупотреба на интернет.



Графикон 24: *Искуство со злоупотреба на лични податоци*

Дополнително, во Северна Македонија имаше случаи кога фотографии и материјали на млади девојки и жени беа земени од нивните лични профили на социјалните мрежи и споделувани на интернет. Еден од тие случаи е „Јавна соба“,[18] каде што мажите незаконски дистрибуирале голи фотографии на девојчиња и жени (вклучувајќи малолетнички) претежно од Северна Македонија. На 13 февруари 2023 година, Владата ги усвои предлог-измените на Кривичниот законик во врска со кривичното дело демнење, кое сега е предвидено со член 144-а („Службен весник на РСМ“ бр. 36/2023). Кривичниот акт за демнење е предложен и усвоен за да се зголеми заштитата на жените од напади и вознемирување, вклучително и вознемирување на интернет. Дефинирањето и усвојувањето на ова кривично дело како дел од Кривичниот законик беа резултат на протестите и акциите на граѓанските организации и граѓанските активисти во 2021 година поврзани со случајот „Јавна соба“.

Значително поголем дел од младите од Вардарскиот Регион (48%) познаваат некој чии податоци биле злоупотребени на интернет, во споредба со нивните врсници од другите региони (од 12% до 23%). Младите од фокус групите споделуваат различни примери каде што нивните врсници биле изложени на злоупотреба на нивните лични податоци на интернет. Ова покажува дека насилството од ваков вид е присутно на интернет и младите од Северна Македонија се под директна закана од него.

Поголемиот дел од младите во ова истражување (94%) не доживеале сајбернасилство. Сепак, младите од Полошкиот (10%) и Скопскиот Регион (9%) имаат искуство со сајбернасилство повеќе од младите од другите региони, кои се движат од 1% до 7%.

> „Насилството како феномен не е само физичко или насилство што се случува во секојдневниот живот, тоа е и онлајн насилство. Онлајн насилството е нов феномен и сè уште немаме механизми како да се бориме со него. Од нашето истражување и комуникација, можеме да кажеме дека овој вид насилство е многу присутен кај младите, многу повеќе од физичкото насилство.“
>
> Национален чинител, младинска организација

Според претставникот на Министерството за внатрешни работи, лесниот пристап до интернет-просторот и различните содржини што се нудат дигитално претставува реална закана за новите генерации. Децата и младите можат лесно да пристапат на интернет во својот дом и може многу лесно да воспостават комуникација со возрасните без заштита од нивните родители, заштита на нивните податоци и лични информации и како такви да станат жртви на сајбернасилство. Министерството презема различни активности за спречување на сајбернасилството и едукација на младите за интернет-заканите и начините за заштита на личните податоци.

Од оние 77 испитаници што доживеале сајбернасилство, 51% од нив се соочиле со тоа на социјалната мрежа „Фејсбук“, 23% на апликации за непосредни пораки (како „Вибер“, „ВоцАп“, „Телеграм“ и „Сигнал“) и 19% на „Инстаграм“. Младите жени (57%) доживуваат сајбернасилство на „Фејсбук“ повеќе од младите мажи (45%), кои од друга страна се соочуваат со повеќе насилство за време на непосредни пораки (30% од мажите наспроти 16% од жените). Околу 1/3 од испитаниците во возрасната група од 15 до 18 години се соочуваат со сајбернасилство на „Инстаграм“, што доведува до заклучок дека оваа група повеќе користи „Инстаграм“ од оние на возраст од 19 до 29 години.

[18] https://meta.mk/javna-soba-e-zatvorena-no-mvr-istrazhuva-slichna-takva-grupa-na-telegram/






Графикон 25: *Зачестеност на сајбернасилство на различни социјални мрежи и апликации*

Младите Албанци имаат поделени искуства во однос на сајбернасилството. Повеќето од нив се соочуваат со насилство на „Фејсбук“ (38%), а други 29% на „Инстаграм“. Младите Срби подеднакво се соочуваат со сајбернасилство преку непосредни пораки и „Инстаграм“. Македонците и Турците главно доживуваат сајбернасилство на „Фејсбук“. Сите испитаници Роми се соочуваат со сајбернасилство само на „Фејсбук“. „Фејсбук“ е најчесто користената социјална мрежа во Пелагонискиот, Југозападниот и Југоисточниот Регион бидејќи сите испитаници од овие региони пријавуваат искуства со сајбернасилство само на „Фејсбук“. Покрај тоа, испитаниците од фокус групите најчесто користат „Инстаграм“ и „ТикТок“, како и „Снапчат“ и „Јутјуб“.

Кога станува збор за пријавување злоупотреба на лични податоци и содржина во институциите, 38% од младите би пријавиле во полиција, 24% на семејството и уште 21% во Агенцијата за заштита на лични податоци. Забележливо е дека младите можат да ги препознаат релевантните органи за пријавување злоупотреба на личните податоци на интернет.




Графикон 26: *Пријавување злоупотреба на лични податоци и содржина*

Младите жени имаат поголема доверба да пријават сајбернасилство во семејството (28%) отколку да пријават во институцијата, во споредба со младите мажи (19%). Возрасната група од 15 до 18 години во значително поголем процент (40%) би пријавиле сајбернасилство во семејството во споредба со другите две возрасни групи (од 10% до 21%). Возрасната група 25 – 29 години е поедуцирана за улогата на Агенцијата за заштита на личните податоци во справувањето со злоупотребата на личните податоци бидејќи поголем дел од оваа група (30%) во споредба со другите две возрасни групи би пријавиле сајбернасилство во оваа институција. Регионално, младите од Полошкиот Регион главно ќе пријават сајбернасилство во своето семејство (50%), додека младите од Југоисточниот Регион во полиција (61%).

### Заклучоци и препораки

- Перцепцијата на младите за нивната безбедност во дигиталниот простор е поделена. Ова води до заклучок дека на младите им требаат дополнително образование и практични информации за сајберзаканите, како и препознавање, спречување и пријавување на сајбернасилството. Следствено, младите не се многу загрижени за заштитата на своите податоци во дигиталниот простор, иако се информирани за тоа и еден дел од нив презема активности за заштита на податоците.
- Злоупотребата на податоци, лични фотографии и содржини на интернет не се среќава често кај младите. Сепак, во последните години имаше случаи на злоупотреба на содржина на интернет, што доведе до донесување ново кривично дело демнење во Кривичниот законик за заштита на жените од напади во сајберпросторот.
- Сајбернасилството не е често искуство меѓу младите во истражувањето. Сепак, претставниците во фокус групите и училишниот персонал потврдуваат дека насилството „мигрирало“ на социјалните мрежи, а говорот на омраза и вербалното насилство се најчести видови. По ова, искуствата на младите покажуваат дека тие се најмногу изложени на сајбернасилство на „Фејсбук“.
- Младите во основно и средно училиште пријавуваат сајбернасилство на семејството, додека оние над 24 години повеќе се запознаени со улогата на Агенцијата за заштита на личните податоци и би го пријавиле насилниот чин во полиција или во Агенцијата.

По заклучоците следуваат препораките што вклучуваат:

- Младите треба да имаат континуирана едукација за дигитална писменост приспособена на нивната возраст. Агенцијата за заштита на личните податоци и Министерството за информатичко општество и администрација треба да планираат и спроведуваат вакви активности во своите годишни програми во соработка со Министерството за внатрешни работи.
- Младите треба да имаат континуирана едукација за пријавување сајбернасилство и злоупотреба на податоците. Тие треба да се запознаат со улогата на одговорните институции како што се училиштата, локалната самоуправа, полицијата и народниот правобранител и со постапката за пријавување сајбернасилство.
- Родителите треба дополнително да се фокусираат на изложеноста на своите деца во дигиталниот простор и да се едуцираат преку национални кампањи за заканите во дигиталниот простор, достапните механизми и одговорните институции за пријавување сајбернасилство.



## 5.6 ИСКЛУЧЕНОСТ И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Дискриминација е секоја разлика, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со дело или пропуст, чија цел или ефект е да се спречи, ограничи, признае, ужива или да се остваруваат правата и слободите на одредена личност или група на еднаква основа со другите. Ова ги вклучува сите форми на дискриминација, вклучувајќи оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

### – Перцепции на младите за дискриминација

Според 31% од младите испитаници, етничкото потекло е првата причина за дискриминација меѓу младите, потоа следуваат 21% од испитаниците што сметаат дека економскиот статус е првата причина за дискриминација и 17% што сметаат дека политичката припадност е првата причина за дискриминација. 24% од испитаниците го избираат економскиот статус како втора основа на дискриминација, а потоа политичката припадност и попреченоста како втора основа на дискриминација.




Графикон 27: *Основи за дискриминација*

19% од младите во возрасната група од 25 до 29 години подеднакво ги сметаат економскиот статус и политичката припадност како прва основа за дискриминација. Значително поголем процент на млади Роми (50%) и Албанци (40%) сметаат дека етничката припадност е првата основа за дискриминација во споредба со 26% од Македонците.

Во Вардарскиот, Југозападниот и Пелагонискиот Регион етничката припадност не беше избрана како прва основа за дискриминација. Имено, 34% од младите од Вардарскиот Регион ја сметаат политичката припадност како прва причина за дискриминација. Во Југозападниот Регион, за 26% од младите, сексуалната ориентација е првата основа за дискриминација. Во Југоисточниот Регион религијата се појавува како прва основа за дискриминација заедно со економскиот статус.

Што се однесува на најчестата втора основа за дискриминација, младите жени од примерокот сметаат дека попреченоста е почесто се појавува во споредба со политичката припадност. Попреченоста е исто така почеста причина за дискриминација кај младите од 15 до 18 години. Религијата е почеста основа за дискриминација на Албанците во споредба со попреченоста и политичкото потекло. За Македонците, попреченоста е почеста основа за дискриминација во споредба со Албанците и другите етнички групи. Полот се јавува како уште една основа за дискриминација во Полошкиот Регион. Во Североисточниот Регион политичката припадност е втора најчеста основа за дискриминација во споредба со другите региони каде што доминира економскиот статус како втора најчеста основа за дискриминација.

> „Постои родова дискриминација на работните места каде што на мажите им се дава приоритет во споредба со жените."
>
> Женско, 19 години, (Тетово)

### – Искуство со дискриминација

84% од младите испитаници не доживеале или почувствувале дискриминација. Сепак, 11% од нив имаат негативни искуства со дискриминација. Нешто поголем процент од младите жени (12%) биле или се чувствувале дискриминирано во споредба со 9% од младите мажи. Во однос на возрасната категорија, поголем дел од младите на возраст од 25 до 29 години доживеале дискриминација (13%) од другите две возрасни групи, кои се околу 10%. Младите Роми (32%) доживеале дискриминација во значително поголема пропорција во споредба со 9% од Македонците и исто толку Албанци. Дискриминацијата е евидентно присутна, особено во Полошкиот Регион (17%), Источниот (16%) и Југоисточниот (16%). Интересно е што 15% од испитаниците од Полошкиот Регион одбиваат да одговорат на ова прашање, што може да сигнализира дека дискриминацијата е уште поголема, но испитаниците не се чувствуваат сигурно да пријават.



Графикон 28: *Соочување на младите со дискриминација*

Искуствата на испитаниците што биле дискриминирани или што се чувствувале дискриминирано ја потврдуваат севкупната перцепција за најчестите основи за дискриминација кај младите. Имено, 33% од младите биле дискриминирани по етничка припадност, потоа по економски статус (19%) и политичка припадност (13%).

За жените, полот е втора најчеста причина за дискриминација. Економскиот статус е првата причина за дискриминација кај возрасната група од 15 до 18 години. За Македонците, економскиот статус е посилна причина за дискриминација во споредба со Албанците и другите етнички групи што главно се дискриминирани по етничка припадност.

Според „#ЗаеднichkiИднини – Перцепции на младите за мир во Западен Балкан ", УНДП 2021, „често се пријавуваше и дискриминација врз основа на возраст, политичка припадност или етничка припадност. Кога станува збор за родовата дискриминација, на сите локации младите жени пријавиле многу повеќе родова дискриминација отколку мажите."

Иако 11% од младите испитаници биле дискриминирани, само 1% поднеле жалба до институциите како што се Народниот правобранител или Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Во Полошкиот Регион 6% пријавиле дискриминација, додека 4% од Албанците исто така пријавиле дискриминација во споредба со помалите проценти на Македонците и другите етнички заедници.

Друга често споменувана основа за дискриминација се физичкиот изглед и стилот на облекување на младите. Овие основи главно беа дискутирани од страна на учесниците во фокус групата.

### – Учество на младите во локални заедници, училишта/работни места и со пријателите

За да се анализира колку се дискриминирани/исклучени или вклучени испитаниците во истражувањето, од нив беше побарано да го оценат своето учество во процесот на донесување одлуки во локалната заедница, во училишната/работната средина или во нивната група пријатели на скала каде што 1 е најмало учество, а 4 е највисоко. Најголемо учество и влијание се забележуваат во социјалната мрежа/група пријатели (средна оценка 2,3), а најмало учество во процесот на одлучување во општината (средна оценка 1,6).




Графикон 29: *Средни вредности за учество во процесите на одлучување*

Следува подетална анализа за учеството на ниво на заедница:

- Во однос на нивото на информираност за процесите на одлучување во нивната заедница, испитаниците (75%) не се информирани. Младите жени се чувствуваат малку помалку информирано од младите мажи, додека возрасната група од 15 до 18 години во значителен процент се неинформирани (84%). Слично, 93% од испитаниците од Пелагонискиот Регион и 88% од младите во Полошкиот Регион се сметаат за неинформирани. Ромите (93%) се помалку информирани во споредба со Македонците (75%) и Албанците (73%).
- Следствено, оние што се сметаат за неинформирани се исто така помалку вклучени во одлучувањето. Ако 75% од младите не биле информирани за процесите на донесување одлуки, 86% сметаат дека практично не се вклучени во процесите на одлучување во своите заедници. Младите жени се нешто помалку вклучени од младите мажи, како и од возрасната група од 15 до 18 години. Младите од Пелагонија и Полог се помалку вклучени во процесите на одлучување во споредба со своите врсници од другите региони. Помалку се вклучени Ромите (95%) од Македонците (85%) и Албанците (84%).
- 86% од испитаниците сметаат дека не можат да влијаат на одлуките во својата локална заедница. Посебно загрижува што испитаниците од Пелагонискиот Регион се наоѓаат без никакво влијание врз одлуките (99%). Исто така, 95% од Роми не можат да влијаат врз донесувањето одлуки во својата заедница.

Нивото на информации, учеството во одлучувањето и влијанието врз одлуките во училиштето и работната средина се исто така ниски, иако пооптимистички во споредба со податоците за учеството на заедницата. Имено:

- Во однос на степенот на информираност за процесите на одлучување во училиштето/работната средина, испитаниците (66%) не се информирани. Женските испитанички се чувствуваат малку помалку информирано од машките испитаници. Неинформирани се 81% од испитаниците од Пелагонискиот Регион, 77% од младите во Вардар и 73% од Полошкиот Регион. 85% од Турците и 82% од Ромите се сметаат за неинформирани, како и 78% од Албанците и 61% од Македонците.
- Следствено, оние што се сметаат за неинформирани се исто така помалку вклучени во одлучувањето. Ако 66% од младите не биле информирани за процесите на донесување одлуки, 73% сметаат дека практично не се вклучени во процесите на донесување одлуки во нивното училиште/работна средина. Младите жени се малку помалку вклучени од младите мажи. Помалку се вклучени младите од Пелагонискиот, Вардарскиот и Полошкиот Регион. Не се вклучени 84% Роми и 81% Турци, како и 79% од Албанците и 70% од Македонците.
- 73% од испитаниците сметаат дека не можат да влијаат на одлуките во своето училиште или работна средина. Овој процент е уште поголем кај младите Турци (93%) и младите Роми (89%).

> „Не сум задоволна од тоа како се однесуваат со нас на факултет за време на испитите... приоритет имаат постарите што може да дојдат во секое време, а ние мора да бидеме таму рано наутро и да чекаме понекогаш до доцна попладне гладни и без сила. Предност имаат оние студенти што ги познаваат професорите и оние што се од Штип наместо оние надвор од Штип. Имаше ситуации кога професорите ни рекоа да дојдеме утре по целодневно чекање и немам финансии да патувам секој ден на факултет."
>
> Жена, 29 години, (Свети Николе)

Во однос на вклучувањето за донесување одлуки во нивната социјална мрежа/група пријатели, искуствата на младите се поделени иако доминантни 57% се оние млади што сметаат дека не се доволно вклучени. Младите од Вардарскиот и Пелагонискиот Регион се чувствуваат повеќе исклучено од своите социјални мрежи/групи пријатели во споредба со своите врсници од други региони, додека во Полошкиот Регион доминираат оние што се чувствуваат вклучено во одлуките донесени во своите мрежи/групи пријатели. Слично на тоа, резултатите покажуваат дека младите имаат поделени мислења во однос на своето влијание врз одлуките донесени во рамките на нивните социјални мрежи/групи пријатели. Претежно, 54% од младите чувствуваат дека не можат значително да влијаат врз одлуките донесени во рамките на своите социјални мрежи/групи пријатели. Други 46% се посигурни дека имаат влијание врз одлучувањето со своите пријатели.

### Заклучоци и препораки

- За младите во земјата, етничката припадност е првата основа за дискриминација проследена со политичка припадност и економски статус. Како втора основа за дискриминација, младите го сметаат економскиот статус, а потоа политичката припадност и попреченост. Етничката припадност и политичката припадност се идентификувани како главни основи за дискриминација во последните десет години и од други студии, што сигнализира дека напорите за намалување на дискриминацијата не се успешни и треба да се направи повеќе, вклучително и воведување некои иновативни пристапи.
- Политичката поделеност што постои на сите нивоа на општеството, за жал, има негативно влијание врз животот на младите и нивната иднина. Изминатиот конфликт во земјата предизвика поделени градови, култури и заедници и тоа сè уште е присутно во етнички мешаните заедници. Во оваа насока, младите Албанци и Роми во истражувањето ја наоѓаат етничката припадност како прва основа за дискриминација во значително поголем процент од Македонците и другите етнички припадности.
- Искуствата со дискриминација постојат, иако за релативно мал дел од младите. Албанците, Турците и Ромите се соочуваат со дискриминација почесто од нивните врсници Македонци. Младите жени почесто доживуваат дискриминација поврзана со полот отколку младите мажи.
- Пријавувањето за дискриминација не е вообичаено кај младите во земјава што сигнализира недоволна информираност за институциите одговорни за борба против дискриминацијата, како и недостиг на верба и доверба во постапките за заштита од дискриминација.
- Учеството на младите во заедниците е на многу ниско ниво што се карактеризира со општо разочарување и апатија. Младите сметаат дека не се информирани за процесите на одлучување во своите заедници, не се вклучени во одлучувањето и не веруваат дека имаат некакво влијание врз одлуките донесени во заедниците.
- Младите сметаат дека училиштето и работната средина се малку подемократски во споредба со заедницата. Сепак, генерално можноста за влијание врз одлуките е подеднакво мала како и во заедниците.
- Видлив е трендот на отуѓување кај младите. Мнозинството млади луѓе се чувствуваат исклучено од одлуките донесени во рамките на својата социјална мрежа/група пријатели и уште повеќе од нив не веруваат во влијание врз тие одлуки.

По заклучоците следуваат препораките што вклучуваат:

- Носителите на одлуки треба да ги вклучат младите во развојот на политиката заснована на докази во однос на безбедноста и сигурноста. Од исклучителна важност е младите да бидат вклучени во идентификацијата на безбедносните ризици на локално и национално ниво и дизајнот на решенија приспособени на потребите и спецификите на регионите и локалните заедници.
- Треба да се имплементира Законот за младинско учество и младински политики што ги регулираат вклучувањето и ангажирањето на младите во националните и локалните процеси на одлучување. Локалните власти треба да им дадат значајна улога на формираните локални младински совети и да одвојат финансии за нивно правилно функционирање. Во оние општини каде што нема локални младински совети, тие треба да се формираат според законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики. Дополнително, локалните младински стратегии треба да бидат во согласност со Националната стратегија за млади и да дадат специфичен фокус на областа на безбедност и сигурност.
- Владата треба да одвои доволно финансии за спроведување на Законот за заштита од дискриминација и да ѝ обезбеди на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација соодветна логистика и поддршка за целосно остварување на својата улога. Податоците за случаите на дискриминација на младите треба соодветно да се разделат, анализираат и објавуваат.

## 5.7 ДОВЕРБА ВО ВЛАСТИТЕ И ДРУГИТЕ ЛУЃЕ И ОДНОСИТЕ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

### – Перцепции за доверба

Во однос на довербата генерално, перцепцијата на младите испитаници е дека на повеќето луѓе ниту може ниту не може да им се верува. Имено, 48% од младите ја избираат оваа опција на скала каде што 1 е дека на луѓето воопшто не може да им се верува, а 5 е на луѓето воопшто може да им се верува. Други 35% мислат дека „на луѓето воопшто не може да им се верува“ или дека „на луѓето може донекаде да им се верува“.




Графикон 30: *Општа доверба во луѓето*

Категориите 19 – 24 и 25 – 29 имаат нешто помала доверба во луѓето во споредба со младите на возраст од 15 до 18 години. Ромите и Турците малку повеќе веруваат во луѓето во споредба со Македонците, Албанците и другите етнички заедници. Луѓето од Југоисточниот Регион имаат значително помала доверба во луѓето во споредба со другите региони.




Графикон 31: *Ставовите на младите во однос на довербата на другите луѓе*

Младите испитаници во примерокот беа замолени да одговорат позитивно или негативно на изјави поврзани со поддршката што ја добиваат од други луѓе. Податоците покажуваат дека младите генерално можат да најдат поддршка кај другите луѓе на кои им веруваат и на кои може да им се обратат во случај на проблеми или неволи.

Имено:

- 91% од испитаниците имаат некого на кого му веруваат и на кого би му се обратиле во проблематични ситуации. 77% од младите Албанци имаат некого на кого му веруваат и на кого може да му се обратат во проблематични ситуации, што е значително пониско во споредба со младите Македонци, Роми, Турци и други етнички заедници. Исто така, значителен дел од младите од Полошкиот Регион (20%) во споредба со другите немаат некого на кого му веруваат и на кого да се обратат доколку имаат проблеми.
- Следствено, само 10% од младите немаат некого на кого му веруваат и на кого да се обратат доколку имаат проблеми. Сепак, значително поголем дел од младите од Пелагонискиот Регион (21%) немаат некого на кого му веруваат и на кого да се обратат доколку имаат проблеми. 15% од младите Албанци ја избираат истата опција, односно немаат некого на кого му веруваат и на кого да се обратат доколку имаат проблеми. Уште 14% од младите Албанци не знаат или одбиваат да одговорат на прашањето.
- 85% од младите испитаници имаат луѓе што им се блиски. Сепак, овој процент е помал во Пелагонискиот (76%) и Полошкиот (72%) Регион како и кај младите Албанци (71%).
- 82% од младите имаат луѓе на кои може да сметаат во време на неволја. Сепак, овој процент е помал во Полошкиот (59%) и Југозападниот (72%) регион како и кај младите Албанци (70%).

## – Ставови за меѓуетничките односи

Од испитаниците во истражувањето беше побарано да ги оценат своите ставови за луѓето од други култури и етнички заедници. Младите имаат поделени ставови за општата доверба во луѓето од другите етнички заедници, иако 57% од нив генерално не им веруваат на луѓето од друга етничка припадност, други 43% имаат доверба во луѓе со различна етничка припадност.




Графикон 32: *Ставови во однос на довербата кон луѓето од други етнички заедници*

Младите жени (58%) имаат нешто помала доверба во луѓето од друга етничка припадност во споредба со младите мажи (55%). Исто така, младите од возрасната група 15 – 18 години (60%) имаат помала доверба од другите две возрасни групи. Младите од Југозападниот и Полошкиот Регион имаат помала доверба во луѓето од другите етнички групи во споредба со другите региони. Дополнително, луѓето од Југоисточниот, Пелагонискиот и Североисточниот Регион имаат поголема доверба во луѓето од другите етнички заедници. Албанците (67%) имаат помала доверба во луѓето од друга етничка заедница.

Според студијата за млади за Северна Македонија 2018/2019 спроведена од Фондацијата „Фридрих Еберт"[19], „сигурно може да се докаже дека македонските и албанските граѓани во 2018 година помалку си веруваат едни на други отколку во 2013 година."

62% од младите не се согласуваат со изјавата „Се чувствувам поддржано од луѓе од друга етничка припадност." Несогласувањето со оваа констатација е поприсутно кај возрасната група од 15 до 18 години (65%), како и кај младите од Југозападниот (79%) и Полошкиот Регион (80%) и кај младите Албанци (71%).

Резултатите се слични за комуникација со млади луѓе од повеќе религии/култури и верувања. 61% од младите не се согласуваат со изјавата „Редовно разговарам со луѓе од повеќе религии/култури и верувања." Несогласувањето со оваа констатација е поприсутно кај возрасната група 15 – 18 години (68%) и кај младите Албанци (66%). Меѓутоа, младите од Североисточниот Регион (67%) се согласуваат со изјавата, поредовно се впуштаат во комуникација со младите од други етнички заедници и култури во споредба со своите врсници од други региони.

„Имав колега Македонец и разговорот со него не одеше добро. Сфатив дека не можам да се дружам со нив."

Машко, 22 години (Тетово)

Речиси еднаков дел од младите испитаници ги оценуваат меѓуетничките односи/односите меѓу заедниците како „ниту добри ниту лоши" (46%) и „добри" (41%).




Графикон 33: *Општа оценка на односите меѓу етничките/меѓу заедниците*

[19] Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019, Фондација „Фридрих Еберт", 2019.



45% од возрасната категорија од 15 до 18 години сметаат дека меѓуетничките односи /односите меѓу заедниците се добри. Поголем дел од младите Албанци (52%) сметаат дека меѓуетничките односи/односите меѓу заедниците не се ниту добри ниту лоши во споредба со Македонците (45%), Србите (42%), Ромите (36%) и другите етнички заедници. Младите од Североисточниот и Источниот Регион сметаат дека меѓуетничките односи/односите меѓу заедниците се полоши отколку нивните врсници од другите региони.

## – Доверба во властите

Од испитаниците во истражувањето беше побарано да ја оценат нивната доверба во јавните институции на скала каде што 1 воопшто не е од доверба, а 4 е целосно доверлива. Довербата во јавните власти е генерално ниска и се движи на скала од 1,6 до 2,2. Јавните власти генерално се оценети како „малку доверливи". Табелата 3 ги прикажува нивоата на доверба за различните институции.

| # | Институции | Средна оцена |
|---|---|---|
| 1. | Собрание | 1,7 |
| 2. | Влада | 1,6 |
| 3. | Лидери на политички партии | 1,6 |
| 4. | Полиција | 2,2 |
| 5. | Локални верски службеници | 2,2 |
| 6. | Највисоки верски власти во вашата религија | 2,2 |
| 7. | Здравствени институции на локално ниво | 2,1 |
| 8. | Здравствени институции на национално ниво | 2,1 |
| 9. | Судови | 1,7 |
| 10. | Општина | 2,0 |
| 11. | Меѓународни организации | 2,1 |
| 12. | Граѓански организации | 2,2 |

Табела 3: *Нивоа на доверба во различни институции*

Владата и лидерите на политичките партии (средна оцена 1,6) се најмалку доверливи, а потоа следуваат судовите и Собранието (средна оцена 1,7). Најдоверливи се полицијата, верските водачи и граѓанските организации (средна оцена 2,2).

„Сакав да го споделам моето мислење за здравствените установи бидејќи завршив средно медицинско училиште. За време на практичната работа во здравствените установи не ми се допаѓаше односот на вработените кон пациентите. Вработените секогаш беа нељубезни, брзаа, бидејќи имаа поважни работи од грижата за пациентите, затоа сум загрижена за нашата безбедност како пациенти, како и за нашето здравје воопшто."

Женско, 19 години, (Скопје)

Собранието е најдоверлив за младите од Полошкиот Регион, а најмалку доверлив за младите од Североисточниот Регион.

Владата е најдоверлива за младите од Полошкиот Регион, а најмалку доверлива за младите од Источниот и Североисточниот Регион.

На лидерите на политичките партии најмногу им веруваат младите од Полошкиот и Вардарскиот Регион, а најмалку им веруваат младите од Источниот Регион.

Полицијата е најдоверлива според младите од Вардарскиот Регион, а најмалку доверлива за младите од Источниот Регион.

Локалните верски лидери и верските водачи на национално ниво се најдоверливи за младите од Југоисточниот Регион и најмалку доверливи за младите од Североисточниот Регион.

Здравствените институции на локално и национално ниво се најдоверливи за младите од Вардарскиот Регион и најмалку од доверба за младите од Источниот Регион.

Судовите се најдоверливи за младите во Вардарскиот и Пелагонискиот Регион, а најмалку од доверба за младите од Североисточниот Регион.

Локалната власт е најдоверлива за младите од Вардарскиот Регион и најмалку од доверба за младите од Пелагонискиот Регион.

Меѓународните организации се најдоверливи за младите од Вардарскиот и Југозападниот Регион и најмалку од доверба за младите од Источниот Регион.

Граѓанските организации се најдоверливи за младите од Вардарскиот и Североисточниот Регион и најмалку од довербата за младите од Источниот и Полошкиот Регион.

## Заклучоци и препораки

– Младите генерално се чувствуваат амбивалентно за довербата во другите луѓе или сметаат дека на луѓето воопшто не може да им се верува. Сепак, поголемиот дел од младите имаат на кој да се обратат во проблематични ситуации, во неволја или некој со кој може да разговараат и да се чувствуваат удобно. Ваквото чувство на доверба и близина со некој е помало кај младите Албанци, но и кај младите од Пелагонискиот и Полошкиот Регион.

– Ставовите за меѓуетничките односи се чини дека се генерално исти, па дури и полоши од минатото. Како и во другите студии, поголемиот дел од младите немаат доверба во луѓе од друга етничка припадност, не се чувствуваат поддржано од луѓе од друга етничка припадност и не можат редовно да се вклучат во комуникација со луѓе од друга културна и етничка припадност. Дополнително, оваа недоверба во другите етнички заедници е особено нагласена кај младите Албанци и кај жените.

– Генерално, јавните власти се оценети од младите како „малку доверливи". Најмалку доверба младите имаат во Владата и лидерите на политичките партии, а потоа следуваат судовите и Собранието. Најдоверливи се полицијата, верските водачи и граѓанските организации.

– Младите од Полошкиот Регион генерално имаат поголема доверба во Собранието, Владата и лидерите на политичките партии во споредба со нивните врсници, додека недостасува нивната доверба во полицијата.

По заклучоците следуваат препораките што вклучуваат:

– Унапредувањето на вредностите како што се меѓусебната доверба и почит и негувањето на добрата меѓукултурна и меѓуетничка соработка треба да стане императив за властите и на сите нивоа во општеството. Младите треба да бидат сведоци и да ги искусат придобивките од негувањето на овие вредности во реалноста, а за тоа да се случи, главната одговорност ја имаат властите.

– Властите треба да ги зајакнат постојните и дополнително да спроведат посуштински програми за меѓукултурна и меѓуетничка соработка на ниво на училишта и локални заедници. Споделување на едноставни информации и учење за традициите и обичаите не е доволно.

– Поделбите по етничка припадност во училиштата и институциите треба да се намалат, систематски да се пристапи и конечно да се елиминираат. Мерките во оваа насока треба да го маргинализираат негативното влијание на политичкиот фактор и да ја засилат улогата на поединците и нивниот интегритет како императив во меѓучовечките и професионалните односи. За таа цел, политичките партии и граѓанското општество треба да соработуваат во спроведувањето на мултиетничката интеграција и треба да одат подалеку од демонстрирање волја за преземање конкретни активности. Исто така, Министерството за образование и наука треба да ја поттикнува меѓуетничката интеграција во училиштата и да создаде квалитетни услови за редовна комуникација, поддршка и интеракција меѓу учениците од сите етнички заедници.



# 6. ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. ОБСЕ Декларација за млади, Совет на Министри, Одлука бр. 3/14, Базел.
2. ОБСЕ Декларација за млади и безбедност, Совет на Министри, Одлука бр 5/15, Белград.
3. ОБСЕ Декларација за улогата на младите во придонесот кон напорите за мир и безбедност, Совет на Министри, Одлука бр. 3/18, Милано.
4. Резолуција 2250 (2015) на Советот за безбедност на Обединети нации.
5. Резолуција 2419 (2018) на Советот за безбедност на Обединети нации.
6. Резолуција 2535 (2020) на Советот за безбедност на Обединети нации.
7. Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“, бр. 10/2020).
8. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Службен весник на РСМ“, бр. 24/2021 година).
9. Законот за спорт („Службен весник на РСМ“, бр. 29/2002 од 07.05.2002 година).
10. Закон за семејство (пречистен текст, Министерство за труд и социјална политика).
11. Закон за социјална заштита („Службен весник на РСМ“, бр. 104/2019).
12. Закон за заштита на децата (консолидирана верзија, Министерство за труд и социјална политика).
13. Закон за правда за децата („Службен весник на РСМ“, бр. 66/24).
14. Закон за основно образование („Службен весник на РСМ“, бр. 169/19 и 229/20) и Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на насилство.
15. Закон за средно образование, (пречистен текст, Министерство за образование и наука).
16. Националната стратегија за млади (2023-2027) година со Национален акционен план (2023-2025) година („Службен весник на РСМ“ бр. 204/23).
17. Националната стратегија на Република Северна Македонија за борба против тероризмот (2023-2027) и Националната стратегија на Република Северна Македонија за спречување на насилен екстремизам (2023-2027) достапни на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_sne_2023-2027.pdf and https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_bpt_2023-2027.pdf.
18. Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство: https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx.
19. Национална стратегија за превенција и правда за деца во Република Северна Македонија (2022-2027) и Акциски план (2022-2023): http://dspdp.com.mk/vesti/promocija-na-nacionalnata-strategija-za-prevencija-i-pravda-za-decata-2022-2027/.
20. Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/a/424892.pdf
21. Министерство за внатрешни работи, Стратегија за инклузија и комуникација со заедницата 2024 – 2026 година, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/a/424892.pdf
22. „#ЗаедничкиИднини – Перцепции на младите за мир во Западен Балкан“, УНДП 2021 година, достапно на: https://www.undp.org/eurasia/publications/shared-futures-youth-perceptions-peace-western-balkans.
23. „Правата на децата во нашите училишта“, Фондација за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор и Народен правобранител, 2023 година достапно на: https://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/priracnici/IZVRSNO_REZIME_ISTRAZUVANJE_ZA_PRAVATA_NA_DECATA_MKD.pdf.



# 7. ПРИЛОГ

## 7.1 ПРАШАЛНИК

### Дел А – Демографија

| | |
|---|---|
| А1 Пол | 1. Машко<br>2. Женско<br>3. Друго<br>4. Не сака да одговори |
| А2 Возрасна категорија | 1. 15 – 18<br>2. 19 – 24<br>3. 25 – 29 |
| А3 Највисоко завршено образование | 1. Основно образование<br>2. Средно образование<br>3. Високо<br>4. Магистратура<br>5. Докторат<br>6. Без формално образование |
| А4 Која е вашата етничка припадност? | 1. Македонец<br>2. Албанец<br>3. Турчин<br>4. Ром<br>5. Србин<br>6. Влав<br>7. Бошњак<br>8. Други (ве молам наведете): ______________________ |
| А5 Со кого живеете моментално? | 1. Сам<br>2. Со двајцата родители<br>3. Со мојата мајка<br>4. Со мојот татко<br>5. Со мојот/ата партнер/ка или сопруг/а<br>6. Со пријатели/роднини<br>7. Некој друг, кој?<br>8. Немам одговор |

| | | Испитаник |
|---|---|---|
| А6 Кој е вашиот моментален работен статус? | А6.1 Вработен со полно работно време | 1 |
| | А6.2 Вработен со скратено работно време | 2 |
| | А6.3 Работам самостојно/ хонорарно | 3 |
| | А6.4 Невработен | 4 |
| | А6.5 Ученик | 5 |
| | А6.6 Студент | 6 |
| | А6.7 Земјоделски работник | 7 |
| | А6.8 Сопственик на компанија | 8 |
| | А6.9 Друго | 9 |
| А7 Која е вашата религија? | 1. Католицизам<br>2. Православие<br>3. Ислам<br>4. Протестантизам<br>5. Јудаизам | 6. Копт<br>7. Јас сум атеист<br>8. Немам религија<br>9. Друго<br>10. Не сакам да одговорам |

### Дел Б – Перцепција на сигурност и безбедност

| | | Да | Не | НЗ/НО |
|---|---|---|---|---|
| Б1 Кој е најголемиот проблем со кој се соочувате во моментов? | 1) Невработеност или економски проблеми | 1 | 0 | 99 |
| | 2) Недостаток на културни и спортски активности | 1 | 0 | 99 |
| | 3) Не се чувствувам безбедно во мојата заедница/ место каде што живеам | 1 | 0 | 99 |
| | 4) Немам доволно можности за развој | 1 | 0 | 99 |
| | 5) Ми недостига поддршка од околината | 1 | 0 | 99 |
| | 6) Не можам да влијаам на сопствениот живот | 1 | 0 | 99 |

| | |
|---|---|
| Б2 Според вас, каква е моменталната безбедност/ сигурност во земјата? Ве молиме оценете на скала каде што 1 е воопшто не е безбедно, а 5 е целосно безбедно. | 1) Не е воопшто безбедно<br>2) Не е безбедно<br>3) Ниту безбедно ниту небезбедно<br>4) Донекаде безбедно<br>5) Целосно безбедно |
| Б3 Според вас, што ќе се случи со безбедноста/сигурноста во земјата во следните пет години? | 1) Ќе се подобри<br>2) Ќе се влоши<br>3) Ќе остане исто |

| Б4 До кој степен се чувствувате безбедно... | Безбедно | Ниту безбедно ниту небезбедно | Небезбедно |
|---|---|---|---|
| ... во вашето соседство? | 3 | 2 | 1 |
| ... во вашата област/град/? | 3 | 2 | 1 |
| ... во вашата земја? | 3 | 2 | 1 |
| ... во дигиталниот простор? | 3 | 2 | 1 |
| ... во јавниот превоз? | 3 | 2 | 1 |
| ... на јавни места (како што се плоштади, места за пешачење и велосипедски патеки)? | 3 | 2 | 1 |

| | |
|---|---|
| Б5 Колку сте загрижени за овие појави? Просечни оцени (1: воопшто не е загрижен, 10: крајно загрижен). | 1) Групи на спортски навивачи што понекогаш се насилни<br>2) Семејно насилство<br>3) Говор на омраза<br>4) Безбедност на интернет (сајбербезбедност)<br>5) Пристигнување на мигранти и бегалци<br>6) Меѓународен тероризам<br>7) Ултранационалистички групи<br>8) Организиран криминал<br>9) Можност за избивање вооружен конфликт во земјата<br>10) Можност за избивање вооружен конфликт во рамките на Западен Балкан<br>11) Природни катастрофи |

## Дел В – Учество во формални и неформални мировни процеси

| | |
|---|---|
| В1 Како би го оцениле вашето знаење за концептот за градење мир? Ве молиме оценете на скала од 1 до 5 каде што 1 значи „воопшто не сум запознаен/а“ и 5 значи „целосно сум запознаен/а со градењето на мирот“. | 1) Воопшто не сум запознаен/а<br>2) Не сум запознаен/а<br>3) Ниту сум запознаен ниту не сум запознаен/а<br>4) Донекаде сум запознаен/а<br>5) Целосно сум запознаен/а |

В2 Дали сте волонтирале во изминатите 12 месеци во активност/иницијатива/акција што промовира мир и безбедност?

1. Да
2. Не

| В3 (Ако да на В2) Во какви активности/иницијативи/акции сте волонтирале? | | Да | Не | НЗ/НО |
|---|---|---|---|---|
| | 1) Спортски настани | 1 | 0 | 99 |
| | 2) Културни активности | 1 | 0 | 99 |
| | 3) Иницијативи за унапредување на демократските права | 1 | 0 | 99 |
| | 4) Формални и неформални образовни активности | 1 | 0 | 99 |
| | 5) Верски активности | 1 | 0 | 99 |
| | 6) Граѓански протести | 1 | 0 | 99 |
| | 7) Екоакции | 1 | 0 | 99 |
| | 8) Политички активности | 1 | 0 | 99 |



В4 Дали во изминатите 12 месеци сте слушнале за активности на властите поврзани со градењето на мирот и безбедноста на младите?

1. Да
2. Не

| В5 Според вас, кој во општеството главно се занимава со градење мир? Ве молиме забележете три најважни. | Чинители | Ранг |
|---|---|---|
| | Граѓани | 1 |
| | Државни институции | 2 |
| | Локална самоуправа | 3 |
| | Граѓански организации | 4 |
| | Бизнис | 5 |
| | Верски организации | 6 |
| | Политички партии | 7 |

## Дел Г – Спротивставување на насилен екстремизам и радикализација

| | |
|---|---|
| Г1 Дали мислите дека радикализацијата е проблем/главен проблем во вашата заедница? | 0) Не, тоа не е проблем<br>1) Да, тоа е проблем<br>2) Тоа е најважен проблем во мојата заедница |

| Г2 Кои се најважни двигатели на радикализација. Ве молам одберете три најважни. | |
|---|---|
| | 1) Политика |
| | 2) Економика |
| | 3) Религија |
| | 4) Територијални нееднаквости |
| | 5) Транснационална динамика |
| | 6) Култура и слободно време |
| | 7) Дигитален простор |
| | 8) Дискриминаторски практики |

| Г3 До кој степен се согласувате со следните изјави? | Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Донекаде се согласувам | Целосно се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1) Би прекинал/а секаква комуникација со пријател/колега доколку забележам некакви знаци на радикализација. | | | | |
| 2) Се плашам да разговарам со луѓето што се осудени за терористички активности и/или насилен екстремизам. | | | | |
| 3) Се плашам да живеам во близина на луѓе што се осудени за терористички активности и/или насилен екстремизам. | | | | |
| 4) Би поддржал иницијатива за ресоцијализација на лица што биле вклучени во терористички активности. | | | | |

| Г4 Кои од следниве актери имаат најсилна улога во спречувањето насилен екстремизам и радикализација. Ве молиме одберете најмногу три одговори. | |
|---|---|
| | 1) Граѓански организации |
| | 2) Верски водачи |
| | 3) Претставници на училиштата |
| | 4) Припадници на локални заедници |
| | 5) Безбедносни служби – полиција |
| | 6) Центри за социјална работа |
| | 7) Меѓународни организации |

| Г5 Кои се најважни фактори за да се спречи радикализација. Ве молам одберете три одговори. | |
|---|---|
| | 1) Политички права и застапување |
| | 2) Економски можности и вработување |
| | 3) Веронаука |
| | 4) Еднаква распределба на услугите и богатството во една земја |
| | 5) Борба против дезинформации |
| | 6) Нудење можности за културен дијалог и рекреативни простори |
| | 7) Зголемување на безбедноста во дигитален простор |

## Дел Д – Насилство меѓу младите

| Д1 Според вас, колку е присутно насилното однесување меѓу младите? Ве молиме оцените на скала каде што 1 е целосно присутно, а 5 воопшто не е присутно. | 1) Целосно присутно<br>2) Донекаде присутно<br>3) Ниту присутно ниту неприсутно<br>4) Не е присутно<br>5) Воопшто не е присутно |
|---|---|

| Д2 Според Вас, кои се главните три причини што ги мотивираат младите да преземаат насилни дејства? | 1) Разочарување од нивниот социјален статус<br>2) Исклученост од процесите на одлучување<br>3) Недостаток на поддршка од институциите во секојдневниот живот<br>4) Недостаток на можности за кариера<br>5) Радикална идеологија<br>6) Религиозни мотиви<br>7) Чувство на неправда<br>8) Недостаток на семејна поддршка<br>9) Изолација од пријателите |
|---|---|

Д3 Дали во изминатите 12 месеци сте доживеале или сте биле сведоци на некаков вид насилство?

1. Да, сум доживеал и сум бил сведок
2. Да, доживеав
3. Да, бев сведок
4. Не, не сум доживеал ниту сум бил сведок

98) Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ]

99) Не знам [НЕ ЧИТАЈ]

| Д4 Ако да, на Д_3, ве молиме одговорете на каков вид насилство сте биле сведоци и/или сте доживеале. | Вид насилство | Да | Не | НЗ/НО |
|---|---|---|---|---|
| | 1) Физичко насилство | 1 | 0 | 99 |
| | 2) Вербално насилство | 1 | 0 | 99 |
| | 3) Социјално насилство | 1 | 0 | 99 |
| | 4) Психичко насилство | 1 | 0 | 99 |
| | 5) Насилство преку интернет | 1 | 0 | 99 |
| | 6) Сексуално насилство | 1 | 0 | 99 |

| Д5 Ако да, на Д4, ве молиме одговорете каде сте го доживеале или сте биле сведоци на насилството. | Локација на насилството | Да | Не | НЗ/НО |
|---|---|---|---|---|
| | 1) Дома | 1 | 0 | 99 |
| | 2) Училиште | 1 | 0 | 99 |
| | 3) Болница | 1 | 0 | 99 |
| | 4) Парк | 1 | 0 | 99 |
| | 5) Улица | 1 | 0 | 99 |
| | 6) Кафуле или клуб | 1 | 0 | 99 |
| | 7) Паркинг-место | 1 | 0 | 99 |
| | 8) Темно место/ќоше | 1 | 0 | 99 |
| | 9) Полициска станица | 1 | 0 | 99 |
| | 10) Во куќа на пријател | 1 | 0 | 99 |
| | 11) Канцеларија | 1 | 0 | 99 |
| | 12) Онлајн | 1 | 0 | 99 |
| | 13) Друго | | | |

## Дел Ѓ - Сајбермалтретирање

| Ѓ1 Колку се чувствувате безбедно додека користите интернет? Ве молиме оцените на скала каде што 1 воопшто небезбедно, а 5 е целосно безбедно. | 1) Воопшто небезбедно<br>2) Небезбедно<br>3) Ниту безбедно ниту небезбедно<br>4) Безбедно<br>5) Целосно безбедно |
|---|---|

| Ѓ2 На скала од 1 до 5 каде што 1 значи дека воопшто не посветувам внимание, додека 5 значи посветувам многу внимание, колку внимание посветувате на заштитата на вашите лични податоци онлајн? | 1) Воопшто не посветувам внимание<br>2) Не посветувам внимание<br>3) И посветувам внимание и не посветувам<br>4) Посветувам внимание<br>5) Посветувам многу внимание<br>6) Не знам /Одбива да одговори [НЕ ЧИТАЈ] |
|---|---|

Ѓ3 Дали некогаш сте доживеале ситуација кога вашите податоци, фотографија или видео биле користени на интернет без ваша согласност?

1. Да
2. Не

Не ми се случило мене, но знам некој што го имал тоа искуство.

Ѓ4 Дали некогаш сте доживеале сајбернасилство?

1. Да
2. Не

Ѓ5 Ако сте доживеале сајбернасилство на интернет, каде се случило тоа?

1. Инстант пораки („Вибер", „ВоцАп", „Телеграм", „Сигнал")
2. Е-пошта
3. „Фејсбук"
4. „Инстаграм"
5. „Јутјуб"
6. „Тикток"
7. Друго _______________

Ѓ6 Каде би пријавиле насилство на интернет за злоупотреба на вашите лични податоци и содржина?

1. Семејство
2. Училиште/Факултет
3. Пријател
4. Граѓанска организација
5. Полиција
6. Агенција за заштита на лични податоци
7. Народен правобранител
8. Нема да пријавам

**Дел Е – Исклучување и дискриминација**

Е1 Ве молиме изберете ги двете (2) најчести основи на социјална исклученост/дискриминација што се јавуваат кај младите луѓе во земјата (АНК. Прочитај ги понудените опции)

| Основи за дискриминација | Прв основ за дискриминација | Втор основ за дискриминација |
|---|---|---|
| Етничка припадност | 1 | 1 |
| Религија | 2 | 2 |
| Пол | 3 | 3 |
| Сексуална ориентација | 4 | 4 |
| Политичка припадност | 5 | 5 |
| Економски статус | 6 | 6 |
| Попреченост | 7 | 7 |
| Возраст | 8 | 8 |
| Друго, што _________________ | 9 | 9 |
| Не знам/Одбива (АНК не читај) | 10 | 10 |



Е2 Дали лично сте доживеале дискриминација или сте се чувствувале дискриминирано?

1. Да
2. Не
3. Одбива да одговори

Е3 По кој основ се чувствувавте дискриминирано?

1. Етничка припадност
2. Религија
3. Пол
4. Сексуална ориентација
5. Политичка припадност
6. Економски статус
7. Попреченост
8. Возраст
9. Друго, што _________________________________
10. Не знам/Одбива да одговори (АНК: не читај)

Е4 Дали некогаш сте поднеле жалба до институциите (како што се Народниот правобранител и Комисија за спречување и заштита од дискриминација)?

1. Да
2. Не

| Е5 До кој степен се согласувате со следните изјави? | Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Донекаде се согласувам | Целосно се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1) Информиран/а сум за процесите на одлучување во мојата општина/заедница/место каде што живеам. | | | | |
| 2) Вклучен сум во процесите на одлучување во мојата општина/заедница/место каде што живеам. | | | | |
| 3) Можам да влијаам на одлуките во мојата општина/заедница/место каде што живеам. | | | | |
| 4) Информиран сум за процесите на одлучување во мојата работна/училишна средина. | | | | |
| 5) Вклучен сум во процесите на донесување одлуки во мојата работна/училишна средина. | | | | |
| 6) Можам да влијаам на одлуките во мојата работна/училишна средина. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7) Јас сум дел од одлуките донесени во рамките на мојата социјална мрежа/група пријатели. | | | | |
| 8) Можам да влијаам на одлуките во рамките на мојата социјална мрежа/група пријатели. | | | | |

**Дел Ж - Доверба во властите и другите луѓе и односите меѓу заедниците**

| | |
|---|---|
| Ж1 Општо земено, дали би рекле дека на повеќето луѓе може да им се верува? Ве молам кажете ми на скала од 1 до 5, каде што 1 значи дека на луѓето не може воопшто да им се верува, а 5 значи дека на повеќето луѓе може да им се верува. | 1) На луѓето воопшто не може да им се верува.<br>2) На луѓето не може да им се верува.<br>3 На луѓето ниту може да им се верува, ниту да не им се верува.<br>4) На луѓето може да им се верува.<br>5) На повеќето луѓе може да им се верува. |

| | | Да | Не | НЗ/НО |
|---|---|---|---|---|
| Ж2 Како се чувствувате за следните изјави во однос на поддршката што ја добивате од другите? | Имам некој на кого му верувам и на кого би му се обратил за совет доколку имам проблеми. | 1 | 0 | 99 |
| | Немам никој со кого се чувствувам удобно да зборувам за проблемите. | 1 | 0 | 99 |
| | Немам никој со кого се чувствувам близок. | 1 | 0 | 99 |
| | Има луѓе на кои можам да сметам во време на неволја. | 1 | 0 | 99 |

| Ж3 До кој степен се согласувате со следните изјави? | Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Донекаде се согласувам | Целосно се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1) Генерално, им верувам на луѓето од други етнички заедници. | | | | |
| 2) Се чувствувам поддржано од луѓе од други етнички заедници. | | | | |
| 3) Редовно се вклучувам во разговори со луѓе од повеќе религии/култури и верувања. | | | | |
| 4) Чувствувам дека мојот глас се слуша кога имам работа со Владата и властите. | | | | |

| Ж4 Колку ги сметате за доверливи следниве институции/власти? | Воопшто не е од доверба | Малку доверлива | Умерено доверлива | Целосно доверлива |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1) Собрание | | | | |
| 2) Влада | | | | |
| 3) Лидери на политички партии | | | | |
| 4) Полиција | | | | |
| 5) Локални верски службеници | | | | |
| 6) Највисоки верски власти во вашата религија | | | | |
| 7) Здравствени институции на локално ниво | | | | |
| 8) Здравствени институции на национално ниво | | | | |
| 9) Судови | | | | |
| 10) Општина | | | | |
| 11) Меѓународни организации | | | | |
| 12) Граѓански организации | | | | |

Ж5 Како ги оценувате меѓуетничките односи/односите меѓу заедниците во земјата?

1. Одлично
2. Добро
3. Ниту добро ниту лошо
4. Лошо
5. Многу лошо

## 7.2 ВОДИЧ ЗА ДИСКУСИЈА ВО ФОКУС ГРУПИ

***Упатство***

*Ве молиме прочитајте ги и објаснете ги прашањата на едноставен јазик што може да го разбере еден млад човек и внимавајте на составот на групата. Објаснете ги прашањата доколку е потребно, но избегнувајте да влијаете/водите на одговорите на учесниците и да давате сопствено толкување на прашањето.*

*Ве молиме погрижете се од учесниците да не се бара или да се испита да откријат какви било лични, доверливи или интимни детали за нивниот живот и дека сите присутни млади луѓе учествуваат во дискусијата. Сепак, не ангажирајте никого директно и не принудувајте одговор.*

***Вовед:***

*Индаго Дооел Скопје за потребите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје (ОБСЕ) спроведува истражување за младите и безбедноста во Северна Македонија. Целта е да се види перцепцијата на младите за безбедноста и сигурноста, дали учествуваат во формални и неформални мировни процеси, како и да се разговара за прашањата за спротивставување и спречување на насилниот екстремизам во земјата. Освен тоа, ОБСЕ би сакал да дознае повеќе за насилството меѓу младите, исклученоста и маргинализацијата на сите нивоа, како и довербата во властите и односите меѓу заедниците во последните децении.*

*Ќе ви бидеме многу благодарни ако одговарате на нашите прашања. Нема да ги пренесуваме вашите одговори. Нема точни или погрешни одговори, ние сме заинтересирани само да ги*

*дознаеме вашите избори, мислења и чувства. Дискусијата во фокус групата е доверлива (нема да го споделуваме вашето име и нема да пренесуваме какви било информации што вие ни ги давате).*

## Дел 1: Перцепции за безбедност и вклученост во мировни и активности за безбедност

**На почетокот, би сакале да слушнеме од вас за вашите волонтерски искуства (доколку ги имате) или за вашето учество во различни активности организирани од некои клубови, организации или можеби училиштето/факултетот.**

(Дискусијата треба да открие колку се активни младите надвор од своите редовни активности на училиште/факултет/работа. Волонтерството и активизмот се земени како предуслови за да се проценат интересот и потенцијалот на младите за активен придонес и граѓанство. Овој вовед ќе обезбеди поконкретни информации за искуство на млади луѓе со волонтирање, дали го разбираат поимот волонтирање, дали учествуваат во некои волонтерски активности и од каков тип. Младите што немаат волонтерско искуство ќе споделат информации за својот активизам воопшто, можеби и своето членство; во некои организации или во спортски клубови.)

**Би можеле ли да ни раскажете за некои мировни и безбедносни активности што биле реализирани во вашите заедници или градови, во кои вие сте зеле учество или за кои сте биле информирани? Какво беше вашето искуство и кои беа ефектите?**

[Дискусијата треба да ги истакне посебните активности (доколку има) што се преземени во заедницата /градот поврзани со мир и безбедност, што им се допаѓа, а што не им се допаѓа на учесниците во врска со овие активности, искуството на учесниците со овие акции, кој учествувал, перцепциите и искуството со организаторите, дали воспоставија доверба, дали сакаат повеќе активности од овој тип или, пак, можеби имаат навистина ограничено знаење на теми поврзани со мир и сигурност.]

**Ве молиме опишете ги вашите грижи поврзани со безбедноста. Грижата може да се однесува на вашето училиште факултет или работна средина. Исто така може да споделите и грижи околу безбедноста поврзани со вашиот град или земјата воопшто.**

(Дискусијата треба да истакне дали и колку сигурно се чувствуваат младите во својата околина вклучувајќи училиште/факултет или работа. Грижите поврзани со безбедноста можат да откријат различни закани поврзани со физичката безбедност, насилно однесување во различни околини како што е врсничко насилство, социјално насилство и мобинг. Дискусијата исто така треба да даде информација за генералната перцепција и мислењето на младите колку тие се чувствуваат безбедно во својот град и кои се главните прашања што се поврзани со безбедноста во нивната земја.)

**Ве молиме опишете дали некои посебни групи млади луѓе особено се подложни на безбедносни закани? Кои се тие групи и какви се заканите со кои се соочуваат?**

[Дискусијата треба да го истакне нивото на сигурност на некои групи како ЛГБТ, Роми и други и причините и условите поврзани со нивната сигурност.]

**Ве молиме опишете ја дигиталната активност на младите во вашата околина? Кои се најпопуларните социјални мрежи и апликации? Каков вид безбедносни грижи ви поттикнуваат за вас или за вашите пријатели социјалните мрежи и комуникацијата во дигиталниот простор?**

(Дискусијата треба да ги истакне најпопуларните социјални мрежи и видовите комуникација во дигиталниот простор и колку се тие безбедни. Дискусијата исто така треба да го прикаже и нивото на информираност на младите за потенцијалните сигурносни закани, дали ги препознаваат и ги идентификуваат потенцијалните закани.)

## Дел 2: Дискриминација, политичка поларизација и насилство

**Ве молиме опишете каква било дискриминација или политичка поларизација во вашето училиште/факултет или во работната околина? Кои се причините за тоа и кој ги спроведува овие дискриминаторски практики? Кои биле негативните последици, или дали некој презел нешто да помогне во вакви ситуации?**

[Дискусијата треба да истакне дали младите или нивните пријатели имаат негативни искуства базирани на дискриминација по етничка основа, пол, политичка или друга основа и што се случило што довело до тие ситуации и што следувало потоа до тие ситуации.]

**Колку често се расправате со вашиот родител, брат/сестра/партнер? Што правите во такви ситуации и што прават тие? Како ги разрешувате расправиите?**

(Дискусијата треба да истакне дали учесниците имаат директно искуство со семејно насилство, колку често и како се покажува и како се разрешува.)

**Колку често се расправате со вашите другари или колеги? Што правите вие во таква ситуација и што прават тие? Како ги разрешувате овие расправии?**

(Дискусијата треба да истакне дали учесниците имаат директно искуство со врсничко насилство, колку е често, како се покажува и како се разрешува.)

**Кои се механизмите што вие и вашите пријатели ги имате за да реагирате во ситуации на насилство, дискриминација, или при безбедносни закани? Дали некогаш сте пријавиле такво однесување во овие механизми и какво беше ваквото искуство? Дали имате доверба во овие механизми?**

(Дискусијата треба да истакне колку се информирани младите за постојните механизми за справување со дискриминација, насилство и други безбедносни закани и колку се функционални овие механизми. Во продолжение дискусијата треба да даде информација колку се овие механизми доверливи и ако не се, зошто е тоа така.)

## Дел 3: Радикализација, насилен екстремизам, односи меѓу заедниците

**Дали имате да споделите каква било ситуација или искуство кога вие или некои од вашите пријатели сте имале одреден безбедносен проблем или сте се почувствувале дека безбедноста ви е загрозена од некои радикални групи, проблеми или информации поврзани со радикализација и насилен екстремизам? Доколку има, дали вие или некој друг ги пријавил овие случаи и, ако да, на кого? Ако не, зошто?**

(Дискусијата најпрво треба да открие дали младите ги разбираат поимите радикализација и насилен екстремизам. Второ, дискусијата може да открие некои конкретни случаи на радикализација, лични искуства или сведоци на ситуации и да обезбеди информации за тоа како се случило тоа, кои биле последиците и што е направено (ако нешто) за да се спречат понатамошни ситуации од ваков вид.)

**Како би се чувствувале доколку соработувате, учите и работите со луѓе од различно етничко или религиозно потекло од вашето? Колку често се среќавате со млади луѓе од различно етничко потекло и како би ја опишале вашата меѓусебна комуникација?**

(Дискусијата треба да открие дали младите им веруваат на своите врсници или колеги/соработници од различно етничко потекло и, ако не, кои се причините за тоа. Дополнително, дискусијата треба да покаже дали младите се чувствуваат сигурно или загрозено во комуникацијата со луѓе од различно етничко потекло).

## Дел 4: Доверба во институциите

**Можете ли да го опишете вашето однесување во јавните институции? Како се чувствувате кога одите во институциите да побарате некоја услуга или да побарате информација?**

(Дискусијата треба да даде информации за тоа како учесниците постапуваат во комуникацијата со институциите, колку се чувствуваат сигурно и дали имаат доверба во институциите.)

**Како би ја опишале комуникацијата на вработените во јавните институции со граѓаните? Што е добро и што може да се подобри? Кои се најважните фактори за да се зголеми довербата кај младите во институциите?**

(Дискусијата треба да обезбеди информации за тоа како јавната администрација ги завршува своите должности/улоги. Да се добијат некои предлози за тоа како тоа може да се подобри со цел подобро да им служи на потребите на младите.)

## Дел 5: Препораки на учесниците

**Што значи безбеден живот и животна средина за младите во Република Северна Македонија?**

**Како може да се подобри безбедноста за да се задоволат потребите на младите?**

**Кој би можело да биде најголемиот предизвик во градењето посигурно општество за младите?**

**Што би можело да го забрза градењето побезбедно општество за младите?**

